**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

**Филозофски факултет**

**Институт за психологија**

# *ТЕМА: Фактори за задоволство од романтичните врски кај адолесценти од различен пол*

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

Ментор:

Доц. д-р Ана Фрицханд

Кандидат:

Елена Ангеловска

***Скопје, 2014***

**Содржина**

1.Вовед

2. Проблем на истражувањето........................................................................................ 4

3.Теоретска рамка на истражувањето........................................................................... 5

4. Истражувачки хипотези.............................................................................................. 34

4.1 Операционална дефиниција на варијаблите на истражувањето.......................... 35

4.2 Контрола на релевантните варијабли....................................................................... 36

5. Метод............................................................................................................................ 37

5.1 Испитаници................................................................................................................. 37

5.2 Мерни инструменти................................................................................................... 38

5.3 Постапка...................................................................................................................... 43

5.4 Статистичка обработка на податоците.................................................................... 43

5.5 Резултати..................................................................................................................... 46

5.5.1 Резултати од дескриптивната анализа .................................................................. 46

5.5.2 Резултати од дескриптивната анализа на квалитетот на социо-емоционалното врзување ................................................................................................................... 46

5.5.3 Резултати од дескриптивната анализа на стилот на справување со конфликти во врска.......................................................................................................................... 49

5.5.4 Резултати од дескриптивната анализа на интер-персоналната реактивност........................................................................................................................ 52

5.5.5 Резултати од дескрипитивната анализа на задоволство од врска.......................................................................................................................... 56

5.5.6 Резултати од испитување на разликите во задоволство од врска кај испитаниците................................................................................................................. 57

6. Дискусија...................................................................................................................... 66

6.1 Дискусија на резултатите за поврзаност на полот и задоволството од врска......... 66

6.2 Дискусија на резултатите за поврзаност на квалитетот на социо-емоционалното врзување, полот и задоволството од врска ........................................................................ 69

6.3 Дискусија на резултатите за поврзаност на емпатијата, полот и задоволството од врска.......................................................................................................................... 71

6.4 Дискусија на резултатите за поврзаност на стилот на справување со конфликт во врска, полот и задоволството од врска ............................................................................ 76

7. Заклучок........................................................................................................................ 78

8. Резиме ........................................................................................................................... 82

9. Користена литература.................................................................................................. 83

10. Прилози....................................................................................................................... 87

## 1. Вовед

Формирањето на романтичен однос помеѓу двајца поединци е комплексен приод во кој се опфаќаат повеќе сегменти од целокупниот процес на функционирање каде тие во тој однос развиваат силни романтични чувства еден кон друг, односно истото претставува комплексна форма на однесување што секој поединец ја искусува порано или подоцна. Ваквите врски и односи во адолесценцијата, односно во раните зрели години може да бидат основа за придонес во социјализацијата на поединецот во возрасните улоги што ги налага општеството. Така, не е чудно што голем број поединци изјавуваат дека задоволството т.е незадоволството е главен индикатор на нивното расположение, или емоционална добросостојба. Универзитетските советувалишта во САД известуваат, дека една од главните причини заради која студентите бараат советодавни услуги се тешкотиите и проблемите со романтичните партнери. Негативните емоции поврзани со овие жалби може да предизвикаат силни стрес реакции, ниско самопочитување, академски потешкотии и насилство во рамки на односот. Крејси, Хесон–Мек Инус ,Крафт, Куртц, Куран и Хендерсон (Creasey, G.; Hesson-McInnis, M. S.;Craft, A.; Kurz, S.; Curran, M.; & Otter-Henderson, K. (2000)) тврдат дека додека кај некои од адолесцентите се забележуваат односи означени како минливи или тривијални, околу 30% од овие двојки изјавуваат дека би се омажиле/оожениле за својот партнер во рок од пет години. Кај оние врски кои не успеваат, постои можноста корозивното конфликтно однесување на младите во тековните романтични врски негативно да влијаат врз развојот и успехот на идните нивни односи. Оттука, анализата на оваа фаза на социјалниот развој може да помогне да се разберат и потенцијално проблематичните начини на интеракција, пред тие да останат длабоко вградени во рамките на однесувањето на поединецот. Освен тоа повеќето актуелни истражувања на оваа тема јасно ја признаваат важноста на испитувањето на романтичните односи.

Многубројните истражувања (пр. Collins & Read, 1990; Brennan, Clark & Shaver, 1998) и сознанија покажуваат дека еден од најзначајните услови за позитивен развиток на децата е социо-емоционалната атмосфера во семејството. Во оние семејства каде што постои љубов, срдечност, меѓусебна позитивна комуникација, почитување, взаемно помагање, децата се развиваат со нормален тек, чувство на сигурност, емоционално се постабилни, достоинствени, но и покооперативни. Малото дете, долго време е беспомошно и затоа чувствува силна потреба за сигурност и љубов. Во овој период

детето е многу чувствително на надворешни стимулуси и затоа најсилното воспитно средство за него е семејството. Некои истражувања (пр.Collins & Read, 1990; Brennan, Clark & Shaver, 1998) покажуваат дека децата кои биле лишени од семејна атмосфера и љубов заостанувале во развојот во секој поглед. Тие покажале слаб физичкиот развој, иако имале добра исхрана и хигиена. Особено слаби резултати биле забележани во нивниот ментален развој. Нивниот ментален количник бил многу понизок во спредба со оние деца кои живееле и се развивале во семејство. Повеќето автори се сложуваат дека родителот за детето во развој претставува модел со кој тоа настојува да се идентификува. На пример, многу е значаен односот на родителот кон другите луѓе, меѓусебниот однос на брачните партнери, односот кон обврските и работата, кон основните општествени и етички вредности итн. Децата немајќи достапно искуство, многу често безрезервно се идентификуваат со родителите, бидејќи бескрајно им веруваат. Затоа, некои автори (пр. Collins & Read, 1990) забележуваат дека може да има тешки последици врз развојот на детето ако тоа до својата десетта година нема и други „значајни" личности со кои би се идентификувало.

## 2. Проблем на истражувањето

***Дали постои поврзаност меѓу задоволството од романтични врски со социоемоционалното врзување, емпатијата, стилот на справување со конфликти во романтична врска и кај адолесценти од машки и женски пол?***

# 3.0 Теоретска рамка на истражувањето

## 3.1 1.0 Партнерска афективна поврзаност и социо-емоционално врзување

Според теоријата за афективна поврзаност, квалитетот на афективната поврзаност во детството се пренесува низ понатамошните години и ги обликува возрасните врски со детето. Доминантна врска кај возрасните е љубовната врска, најчесто во форма на брачна заедница. Квалитетот на љубовните односи помеѓу брачните партнери секако е поврзан и со нивниот однос кон децата. Теоријата на афективна поврзаност е теорија за настанокот и за природата на човековото чувствување. Болби (Bawlby, 1987; според Stefanović-Stanojević, 2006) во психологијата го вовел поимот *афективна поврзаност* со цел да означи специфичен однос помеѓу мајката и детето, кој се формира во најраното детство и трае низ целиот живот. Партнерските односи, пак, се форма во која поголемиот дел од возрасните го поминуваат целиот живот. Разновидноста и бројноста на модалитетите во кои паровите функционираат не е лесно ниту да се предвидат, ниту да се објаснат.

Теоријата на афективната поврзаност го застапува верувањето дека партнерските врски се засновани на внатрешните модели кои се стекнати во раното детство. Емоционалната динамика и раните афективни и партнерски односи ги управува ист бихејвиорален систем. Според Болби (Bawlby, 1987; според Stefanović-Stanojević, 2006), поврзаноста на детето е регулирана со вродениот мотивациски систем. Овој систем на однесување е создаден по пат на природна селекција за да се обезбеди опстанок и сигурност на детето. Во случајот на афективната поврзаност поставената цел е физичката или психичката близина на старателот, при што кога детето ќе почувствува дека личноста за која е врзано е во негова близина, тоа се чувствува сигурно. Меѓутоа, кога таа личност не е покрај него, детето чувствува страв и загриженост.

Хазан и Шавер (Hazan & Shaver, 1990; според Stefanović-Stanojević, 2006) воочиле дека партнерските односи на возрасните се карактеризираат со иста динамика како претходно споменатата. Возрасните, исто така, се чувствуваат безбедни и сигурни кога партнерот им е во близина, кога е достапен за нив и полн со разбирање. Под такви околности партнерот може да служи како сигурна база преку која се истражува околината или се учествува во креативни проекти (Hazan & Shaver, 1990; според Stefanović-Stanojević, 2006). Индивидуални разлики применети во односот дете-мајка, се слични со

индивидуалните разлики во партнерските односи. Партнерската љубов подразбира взаемна поврзаност, грижа и сексуален живот. Иако партнерската љубов е делумно феномен на поврзаност, таа вклучува и други два аспекти, а тоа се грижата и сексот. Тие се практично испреплетени, но теориски се одвоиви. Во раното детство однесувањето на поврзаност е оптимално само ако родителот е на располагање да обезбеди заштита и поддршка, бидејќи типично е родителот да обезбедува заштита и нега на детето. Во односите на возрасните овие улоги на поврзаност и блискост е многу тешко да се раздвојат. Сепак, најчесто еден од партнерите се доживува беспомошно, несигурно, загрозено, а другиот како сигурен, заштитнички расположен, спремен за емпатија, итн. Секако, во долготрајните врски улогите на поврзаност и грижа многу често се менуваат.

Врз основа на теориските претпоставки на Болби (Bawlby, 1987; според Stefanović-Stanojević, 2006) изведени се два типа на внатрешни модели на поврзаност: *модел кон себе* и *модел кон другите.* Во основата на овие модели се димензијата на одбивање и димензијата на анксиозност. Со вкрстување на овие димензии, со внатрешните модели, се добиваат четири главни стила на поврзаност: сигурен, преокупирачки, избегнувачки и плашлив стил. Секој од наведените стилови на поврзаност се карактеризира со различен пристап во односите со блиските.

Канер (Kanner, 1935; според Todorovic, 2005) ја дал првата поделба на родителските ставови во однос на детето. Тој во својата класификација ги издвоил следните родителски воспитни ставови: прифаќање и љубов, јавно отфрлање, преголема грижа и преголеми барања.

**Прифаќање и љубов**

Говорни искази: Најмногу ме интересира детето.

Постапки со детето: Нежност во играта, галење, трпение.

Последици на развојот на детето: Чувство на сигурност, нормален развој на личноста.

**Јавно отфрлање**

Говорни искази: Не го поднесувам, не сакам да се мачам поради детето .

Постапки со детето: Запоставување, грубо однесување, избегнување близина и разговор.

Последици на развојот на детето: Агресивност, кочење на емоционалниот развој, разбојништво.

**Преголеми барања**

Говорни искази: Не сакам такво дете, морам да го направам да биде нај-нај.

Постапки со детето: Избегнување пофалби, критицизам, преувеличување на безначајните грешки на детето.

Последици на развојот на детето: Фрустрации, чувство на страв, недостаток на доверба во сопствените можности

**Преголема грижа**

Говорни искази: Се правам за детето, се жртвувам за него.

Постапки со детето: Галење, преголемо попуштање или скратување на слободата.

Последици на развојот на детето: Задоцнето морално созревање, неспособност за самостоен живот.

## 1.2 Видови на поврзаност

Застапнците на теориите за поврзаност предлагаат, дека почетните односи на бебето со неговите старатели влијае на тоа како тоа ќе им пристапи на идните односи. Болби (Bowlby, 1969) тврди дека кога бебињата се одвоени од нивниот примарен старател за подолг временски период, тие се соочуваат со серија на емоционални реакции кои се манифестираат на три различни начини: протест, очај и слабо или воопшто никакво поврзување. Еинсворт, Блехар, Ватерс и Вал (Ainsworth, Blehar, Waters & Wall, 1978), дефинирале три основни модели на приврзување врз основа на овие емотивни реакции: *одбегнувачки* поединци (карактеристики на бебиња кои кога се под стрес, покажуваат знаци на неповрзување), *сигурни* поединци (карактеристика на бебиња, кои, кога се под стрес, се вртат кон старателот за поддршка) и *вознемирени* / амбивалентни поединци (карактеристики на доенчиња кои, кога се под стрес, покажуваат знаци на протест кон старателот и пројавуваат лутина и вознемиреност). Истражувачите укажуваат дека овие рани модели на приврзаност остануваат и во понатамошниот тек на животот и покрај созревањето.

Хазан и Шавер (Hazan & Shaver, 1990; според Stefanović-Stanojević, 2006) тврдат дека првичната поврзаност која се развива во текот на овој период може да има големо влијание врз стилот на поврзување, во возрасните романтични врски. Истражувањата (пр. Ainsworth et al, 1978; Bartholomew, 1990; Brennan et al, 1998) сугерираат дека постојат две основни димензии: избегнување и анксиозност, кои може да се користат за да се опишат возрасните стилови на поврзување. *Избегнувањето* се однесува на степенот до кој поединците се обидуваат да останат автономни од нивниот романтичен партнер во однос на емоционалната интимност (Ainsworth et al, 1978). *Анксиозност* е степенот до кој поединците се загрижени, во врска со достапноста или поддршката на нивниот партнер, во време кога тоа е потребно. Бартоломеј и Хоровиц (Bartholomew & Horowitz, 1991) предлагаат четири различни возрасни модели на приврзаност, врз основа на нивото на поединецот на избегнување и анксиозност. *Безбедниот стил*, се однесува на чувство на способност, како и перцепцијата на другите генерално со одговорност и прифаќање. Безбедните поединци искусуваат ниска анксиозност и ниско ниво на избегнување, укажуваат на удобност, применувајќи интимност и автономија. Симпсон (Simpson, 1990) налага дека оние кои практикуваат безбеден стил на поврзаност, почесто од несигурните

луѓе покажуваат повисок степен на доверба во партнерите, повисоки нивоа на меѓузависност, посветеност и севкупно задоволство.

Преостанатите три стилови: *преокупирачки, исплашено–избегнувачки и негативно–избегнувачки* претставуваат несигурни стилови на поврзување. Првиот вид на несигурен стил, преокупирачки, вклучува поединци кои имаат низок степен на избегнување и висок степен на анскиозност, гледајќи се себеси како недоволно добри за љубов. Исплашено-избегнувачкиот стил се однесува како на чувството на безвредност, така и на недостаток од интимност. Овие луѓе доживуваат висок степен на вознемиреност и избегнување, при што овие поединци чувствуваат дека преку избегнување на интимност со другите, се заштитени од одбивањето кое го очекуваат во интимните блиски односи (Bartholomew & Horowitz, 1991). Конечно, негативно–избегнувачкиот стил го опишува самољубието во комбинација со негативна перцепција на другите и нивната доверба и одговорност (Bartholomew & Horowitz, 1991). Негативно–избегнувачките луѓе се опишани како луѓе кои имаат висок степен на избегнување и ниска анксиозност во возрасните романтични врски. Генерално, стилот на приврзување е индивидуална разлика која е променлива и која предвидува задоволство во романтични врски: безбедната поврзаност има позитивна асоцијација со односот на задоволство, додека несигурната поврзаност е во негативна корелација со односот на задоволството (Banse, 2004; Carnelly, Pietromonaco & Jaffe, 1996; Creasey & Hesson-McInnus, 2000; според Simpson, 1990).

## 1.3 Конфликтни стилови

Готман (Gottman, 1994a, 1994b, 1998) тврди дека конфликтниот стил на неколку вработени во една институција, особено во екот на конфликтот, може да биде силен индикатор за должината на нивниот брак надвор од работата, како и нивните чувства на задоволство од тој брак. Според Готман (Gottman, 1994a), врз основа на домените на здравството, физиологија, однесувањето, брачното задоволство, како и ризикот за брачното распаѓање, постојат два вида на брачни заедници: *регулирани и нерегулирани*. Регулираните двојки, кои понатаму ќе се продискутираат во детали, се оние кои користат повеќе позитивна комуникација во однесувањето отколку негативна. Брачните двојки се категоризираат во овие два стила, врз основа на перцепцијата на нивниот партнер во однос на однесувањето кое го имаат еден кон друг.

И покрај тоа што во своите истражувања Готман почесто се фокусира врз задоволството од бракот, релациониот конфликтен стил за кој тој зборува, може да се примени и на романтичните врски. Тој утврдил дека категоризацијата на конфликтниот стил не произлегува од причините за кои партнерите влегуваат во конфликт, туку од начинот на кој тие комуницираат додека истиот трае.

Браковите имаат она што Готман (Gottman, 1994a, 1994b) го нарекува брачна екологија. Истата екологија се определува од соодносот на позитивни и негативни интеракции помеѓу брачните другари. Негативните однесувања се движат од напаѓање на однесувањето на партнерот, кое воедно доведува до значително зголемување на безнадежност или тага (Shapiro & Gottman, 2004). Едно од главните негативни однесувања е презирот, дефиниран како намерно непочитување или навредување на секоја постапка на партнерот, која може да биде манифестирана вербално или невербално.

Спротивно на тоа, позитивните интеракции се пренесени со многу повеќе топлина отколку негативните интеракции. Лицата кои користат позитивни однесувања често одржуваат интерес во интеракцијата со поставување на прашања важни за другиот или покажување вистинска загриженост. Позитивните интеракции обично вклучуваат љубов, споделување на хумор, изненадување, радост. Покрај тоа, јасен показател на позитивна интеракција е однесувањето наречено валидација како вклучување на прифаќање и отвореност кон тоа што едниот партнер чувствува, каде комуникацијата се одвива со почит, дури и ако постои несогласување помеѓу партнерите. Готман (Gottman, 1994б)

утврдил дека стабилноста на бракот може да се одржува, ако има пет позитивни интеракции за секоја една негативна интеракција. Ако паровите не ја стабилизираат оваа рамнотежа, брачната екологија е нарушена и партнерите би се чувствувале фрустрирано или иритирано.

Една од главните причини поради која петте позитивни интеракции треба да се случат за секоја негативна интеракција е затоа што негативноста може лесно да стане основа што се апсорбира и да стане основа во секојдневното функционирање на партнерите. Кога негативноста ќе го преземе тој соодност вознемиреноста во врската станува очигледна и перцепцијата на доброто во неа почнува да се губи.

Колку подолго постојат негативните епизоди, толку е поголема веројатноста партнерите да се чувствуват лично нападнати или надвор од допирот со другиот партнер. Негативните аспекти на регулираните и нерегулираните двојки се разликуваат во голема мера кога станува збор за позитивност и негативност. Како што Готман тврди (Gottman, 1994б) постојат два вида на нерегулирани двојки: непријателски - ангажирани и непријателски - неповрзани, како и три видови на регулирани двојки: одбегнувачки, валидациони и исчезнувачки.

Сите три видови на регулирани стилови на комуникација се конструктивни, во смисла дека релационите партнери се способни за одржување на соодветна рамнотежа на пет позитивни моменти заедно за секој негативен момент (Gottman 1994a, 1994b).

Преку нерегулираните стилови, непријателски-ангажирани и непријателски-неповрзани, Готман објаснува како деструктивното однесување доведува до нестабилност и незадоволство во рамки на бракот. Непријателски- ангажираните двојки обично изложуваат голем дел од директниот ангажман во конфликтни епизоди (Gottman, 1994a). Исто така, непријателските партнерства вклучуваат одбранбеност од двајцата партнери. На пример, Готман објавува дека едно лице ќе користи одбранбеност, презирили лични критики. Готман (Gottman, 1994b) објавува и дека непријателските бракови крајот го доживуваат на многу специфичен начин. Оваа надолна спирала вклучува посебна каскада од интеракции, емоции и ставови кои, чекор по чекор, ги доведува овие двојки блиску до сепарација, развод или несреќен, осамен живот заедно.

Првото деструктивно однесување е критика. Критиката е користење на вината за да се нападне личноста, наместо однесувањето на некој (Gottman, 1994b). Презирот, пак, се воведува со намера емотивно да се деморализира партнерот и е основа за онеспособување во комуникацијата (Gottman, 1994b). Однесувањето со презир е со цел да се нападне самодовербата на партнерот и да предизвика ескалација на негативни емоции. Истиот вклучува навреди, исмејување и непријателски хумор.

Последното однесување карактеристично за нерегулираните стилови е одбегнувањето. Тоа е разговорно однесување кое некој го користи, во обид да се изолира себеси од интеракцијата (Gottman, 1994b). Пораката на овој тип на однесување на партнерот кон брачниот другар е „Јас се повлекувам и одвојувам од било каква значајна интеракција со тебе“ (Gottman, 1994b, стр.95).

Готман (Gottman, 1994b) сугерира дека причината за смртоносноста на бракот не е нужно почетната негативност која се појавува, туку целиот циклус на негативност кој трае во значително долг период. Негативните пораки заедно со непријателската комуникација се претвораат во форма на взаемно психичко малтретирање и незадоволство.

## 1.4 Емпатија и видови на емпатија

Емпатијата ја претставува способноста да се разберат другите, да се разбере однесувањето на другите, и да се постапува со другите онака како што би сакале да бидеме и ние третирани од нивна страна. Лице со развиена емпатија има тенденција да се фокусира на искуствата на другите во прилично објективни или несебични дејствија. Емпатијата има многу различни дефиниции кои опфаќаат широк спектар на емотивни состојби, вклучувајќи ја грижата за другите луѓе, желбата да им се помогне, да се доживуваат емоции кои одговараат на емоциите на друго лице, да се знае она за што

другиот размислува или чувствува, односно да се замагли линијата помеѓу себе и другите.

Емпатијата може да се разгледува од два аспекти.

- *Афективна* емпатија - капацитет да се одговори со соодветни емоции на моменталната ментална состојба на другиот.
- *Когнитивна* емпатија - капацитет да се разбере перспективата или менталната состојба на другиот.

## 1.5 Хофманова теорија за развој на емпатијата

Теоријата на Хофман за психологијата на моралот и моралниот развој е главно фокусирана на емпатијата, но исто така вклучува и елементи од когнитивното расудување, како и принципите на грижа и правда. Когнитивното расудување и правдата се особено интегрирани во теоријата на Хофман во понапредните фази од развојот на емпатијата. Оваа теорија е прилично сеопфатна и поголемиот дел од неа е поддржан со емпириски наоди.

*1.5.1 Емпатиска вознемиреност наспроти егоистички мотиви.*

Централно место во теоријата на Хофман е појавата на емпатиска вознемиреност како одговор на стресен стимулус, каде (Hoffman, 2000) :

1) емпатиската вознемиреност е поврзана со помагање,

2) емпатиската вознемиреност му претходи на помагањето,

3) набљудувачите се чувствуваат подобро по помагањето.

Хофман ( Hoffman, 2000) дава пет категории во развојот на емпатиската вознемиреност:

1) новороденчето реагира со плачење,

2) егоцентрична емпатиска вознемиреност,

3) квази- егоцентрична емпатиска вознемиреност,

4) соодветна емпатиска вознемиреност, и

5) емпатиска вознемиреност надвор од ситуацијата.

Првата категорија кога новороденчето реагира со плачење, е најверојатно предизвикана од комбинација на мимика и адаптација, каде реакцијата на плачење се добива со помош на имитација (Hoffman, 2000) .

Кај егоцентричната емпатиска вознемиреност, која се јавува на крајот на првата година, реакцијата на вознемиреноста на друг кај бебето е главно иста, освен што се јавува однесување кое има за цел да ја намали сопствената вознемиреност. Се чини дека постои вистинска конфузија во врска со тоа кој е во неволја, па затоа и се користи оксиморонот „егоцентрична емпатиска вознемиреност “.

Од почетокот на втората година, кога се јавува чувството за себе, паралелно се јавува и квази - егоцентричната емпатиска вознемиреност. Тука детето ќе се обиде да им помогне на другите во неволја, но од сопствена гледна точка.

До крајот на втората година, децата почнуваат да покажуваат свест дека внатрешните чувства на другите можат да бидат различни од сопствените чувства. Корективните повратни информации, како на пример, кога еден егоцентричен напор за ублажување на туѓата вознемиреност не успева, водат до однесување кое ја зема и другата перспектива предвид. Овде и започнува развојот на точната емпатична вознемиреност, која ги има сите основни елементи на зрела емпатија и продолжува да се развива во текот на животот (Hoffman, 2000).

*1.5.2 Три клучни појави кај емпатијата*

Емпатијата може да генерира морално однесување и е ограничена со три заеднички појави: над-стимулација, хабитуација и пристрасност.

Емпатиска над-стимулација

Генерално, колку е поголема вознемиреноста на жртвата, толку е поголема емпатиската вознемиреност на набљудувачот. Меѓутоа, ако емпатиската вознемиреност на набљудувачот е премногу голема, тоа веројатно ќе доведе до лична катастрофа.

Емпатиската над-стимулација е кога „процесот кој се случува неволно ја зголемува емпатиската вознемиреност, при што за набљудувачот станува толку болна и се претвора во интензивно чувство на лична болка, што може да го доведе лицето во целост надвор од емпатискиот модул" (Hoffman, 1978; според Hoffman, 2000, стр.93).

Во друга крајност, емпатиската вознемиреност не мора да го мотивира моралното однесување, односно доколку некое лице е изложено постојано на некоја катастрофа во текот на времето, емпатиската вознемиреност на лицето може да се намали до точка каде што тоа станува рамнодушно кон жртвите на таа катастрофа. Како последно, луѓето еволуирале во мали групи, а често и мали групи се натпреварувале за дефицитарни ресурси, па затоа не е чудно што еволуциските психолози откриле дека роднинската селекција има улога на морален мотиватор со еволутивни корени. Формите на блискост вклучуваат и пристрасност во групата. Сепак, нешто поразличен е видот на пристрасност – овде и сега, при што луѓето тежнеат да бидат емпатиски повознемирени кога жртвата се наоѓа пред нив во моментот (Hoffman, 1978; според Hoffman, 2000).

## 1.6 Задоволство од романтичната врска

Теоријата на поврзувањето тврди дека првичниот однос на новороденчето со старателот влијае врз идните интимни врски (Bowlby, 1969). Други истражувања се фокусираат на релационите фактори, како на пример, кога партнерите маневрираат за време на конфликтот, за да се предвиди и да се разбере што е она што доведува до задоволство во романтичните врски. Она што недостасува, сепак е сеопфатен теоретски модел кој ги вклучува и индивидуалните, и релационите фактори на задоволство во романтичните врски.

Личните односи се централни во основата на живеењето.Формирањето на овие односи е вроден и биолошки дел на човековото однесување. Односот на задоволството е дефиниран како меѓучовечка евалуација на позитивноста на чувствата за еден партнер и наклонетост кон него (Rusbult & Buunk, 1993; според Haugen, Welsh & McNulty, 2008). Според теоријата на меѓузависност (Kelley & Thibaut, 1959) партнерите сакаат да се зголемат нивните награди и да се минимизираат нивните т.н. потрошувачки ресурси во една романтична врска. Тие ментално водат сметка за наградите и трошоците, па така може да се оцени исходот на нивниот однос како позитивен или негативен. Кога наградите ги надминуваат трошоците, исходот е позитивен. Спротивно, кога трошоците ги надминуваат наградите, исходот е негативен. Но оваа ментална забелешка, дали

врската ќе има позитивен или негативен исход, не е секогаш доволна да ги задоволи луѓето, затоа што тие често од друга страна имаат претходни очекувања, за тоа каков треба да биде односот. На пример, некои луѓе имаат веќе високо вреднувани односи, така што резултатите во тековната врска треба да бидат особено позитивни за нив, за да бидат задоволни. Концептот на споредба на нивоата е вклучен во теоријата на меѓузависност. Овие високи очекувања се засноваат на минатите врски на лицето во однос на личните искуства и преку личните набљудувања на односите на другите луѓе.

Досегашните истражувања на тема задоволство во врска, се фокусираат на различни компоненти кои се покажале како значајни показатели на односот на задоволство. Мнозинството од нив кои влијаат на задоволството се разгледувани од просоцијален аспект, кој помага во промоцијата на релационите фактори на блискост, доверба, и допаѓање во врската (пр.Sprecher & Hendrick, според Haugen P; Welsh P & McNulty J, 2008 ). Пет основни просоцијални стратегии за одржување на задоволството се позитивност, отвореност, доверба, социјална поврзаност и споделување.

Еден таков ресурс е времето кои партнерите го посветиле на односот. Времето поминато заедно води кон прашањето за квалитетот на комуникацијата, помеѓу двете лица во врската. Комуникацијата е суштината на односите, без неа не постои врска. Затоа, квалитетот на комуникацијата е важен во одредување на исходот на врската. Кога постои слаба комуникација и се појавува конфликт, начинот на кој партнерите се справуваат со конфликтот е клучен. Конфликтот, пак, самиот по себе е несогласување меѓу двајца независни луѓе. Додека конфликтите најмногу и најчесто се сметаат за негативни, тоа е нормален дел од многу блиски односи.

Задоволството во врската, исто така, може да се мери од страна на емоционалното себеоткривање во рамките на една врска. Себеоткривањето, прикажувањето на себеси во вистинско светло, е процес на раскажување за својата интима, своите ставови и искуство (Sprecher & Hendrick, 2004; според Haugen P; Welsh P & McNulty J, 2008). Комуникацијата и размената на лични информации се особено важни во однос на задоволството, но, исто така, важно е секој од партнерите да ги пренесе своите чувства во врската со нивниот партнер, користејќи позитивна комуникација.

Привrзаната комуникација е однесување кое го отсликува чувството на симпатија и позитивен меѓусебен однос. Љубовта е основна човечка потреба и се запознава преку интерперсонална интеракција и во формирањето на заемно поддржувачки односи. Во

прилог на отворената комуникација која е опишана погоре, задоволството во врската може да се мери со релационата сигурност (сигурноста која партнерите си ја даваат еден на друг). На луѓето генерално не им се допаѓа несигурноста и нејзиното високо ниво, кои често водат до незадоволство во односите. Како резултат на тоа, релациона сигурност е посочена како корисна во односите, што доведува до зголемено задоволство.

Историски гледано, мажите биле хранители и заштитници на семејството, додека жените биле одговорни за домаќинството, задоволството во романтичните врски, задолженијата и одгледувањето на децата. Овие улоги денес се сменети, па така и поголемиот дел од романтичните врски се со подеднаков придонес во секоја област, каде истражувањата покажуваат дека капиталот кој се вложува во една врска станува фактор што придонесува во однос на задоволството од истата (пр. Haugen, Welsh & McNulty, 2008)

Теоријата на капитал, односи (ресурси) во една врска, се фокусира на утврдување на тоа дали распределбата на ресурсите е праведна за двајцата партнери. Капиталот се мери со споредување на соодносот на придонесите и бенефициите за секој партнер поединечно во врската. Партнерите не мора да добиваат еднакви бенефиции (на пример: примањето на иста количина љубов и грижа) или да направат еднакви придобивки (на пример, инвестирање иста количина време и напор), се додека односот помеѓу овие бенефиции и придонеси е на приближно исто ниво. Поединците кои сметаат дека нивните односи се на правопорционално ниво, изјавиле дека се посреќни и позадоволни од оние кои сметаат дека нивните односи и вложувања се неправедно распоредени (Walster, Walster & Traupmann, 1978; според Haugen, Welsh & McNulty, 2008). Двојките кои имале подеднакво вложен капитал, исто така, пријавиле повеќе посветеност, повеќе себеоткривање, и многу повеќе безбедност и сигурност во врската.

Очекувањата од врската се формулирани во секоја од компонентите погоре, и се покажале од особена важност во предвидувањето на задоволството од романтична врска. Кога кај некој од партнерите се присутни пристрасни очекувања, тој/таа го гледа нивниот однос и партнер преку т.н. зголемени обоени очила и очекува дека партнерот ќе ги исполни неговите/нејзините многу високи стандарди. Од друга страна, точните очекувања се одржуваат кај оние поединци кои ја гледаат перспективата на врската со поголем степен на реалност и претпоставуваат дека нивните очекувања ќе се изедначат со нивните вистински животни искуства во врската. Кени и Ачители (Kenny & Acitelli, 2001; според Tracy, Shaver, Albino & Cooper 2003) тврдат дека очекувањата кои се точни, овозможуваат оние кои перцепираат правилно да ги оценат потребите на нивните

партнери и да се предвиди нивното задоволство во романтичните врски и однесувањето, а со тоа и да се поттикнат чувствата на контрола, предвидливост и безбедност и во крајна линија сето тоа да води кон повеќе хармонични интеракции и повисоки нивоа на односи на задоволство. Исто така, разбирањето на реалноста на еден партнер е клуч за трајно задоволство, додека пристрасноста на краткотрајното.

Како општо правило, точните очекувања ќе доведат до помали разлики помеѓу очекувањата и реалноста, додека пристрасните очекувања ќе доведат до поголеми нееднаквости.

### 1.7 Социоемоционалното врзување и романтичните врски

Романтичните односи се нормативни и истакнати особено во адолесценцијата. Над 70% од адолесцентите пријавиле дека биле вклучени во романтична врска во изминатите 18 месеци на возраст од 18 години (Craver, Dzoner & Udry, 2003; според Cramer, 2006). Освен тоа, адолесцентите исто така ги сметаат романтичните односи како еден од своите најзначајни и највлијателни односи (Adams, Laursen & Wilder, 2001; според Cramer, 2006). Романтичните врски играат важна улога во развојот на идентитетот кај адолесцентите. Адолесцентските романтични врски, играат важна улога и во развојот на сексуалноста (Rostosky, 2000; според Cramer, 2006) и во трансформацијата на односите во семејството (Grey & Steinbegr, 1999; според Cramer, 2006). Така, романтичните односи се мошне значајни за достигнување на индивидуалната и релациона зрелост во адолесценцијата.

Болби (Bowlby, 1969; 1973; 1980) предлага дека постои универзална човечка потреба да се формираат и одржуваат афективни принципи во однесувањето. Во јадрото на неговата теорија е реципроцитетот на раниот однос дете-старател. Доенчињата се вклучуваат во афективното однесување преку емотивен предизвик (на пример: се припиваат до старателите, бараат близина и се насмеани), што треба да резултира со соодветен одговор од старателот. Овој одговор за возврат му овозможува на бебето да воспостави чувство на сигурност и безбедност. Тоа е искуство на безбедност, кое му овозможува на новороденчето да го регулира своето емоционално искуство. Искуството на безбедност, според Болби (Bowlby, 1969; 1973; 1979; 1980), е движечката сила која

стои во основата на развојот на системот на приврзување. Болби дава објаснување како почетоците на овие искуства формираат внатрешни модели на себе и на другите, кои обезбедуваат прототип за сите идни односи.

Адолесцентите кои се класифицирани како сигурно социо-емоционално поврзани, се повеќе ефективни комуникатори, користат поконструктивни техники за да се ублажи конфликтот и обично имаат повеќе позитивна размена со своите партнери, од оние адолесценти кои не се сигурно поврзани (Carnelley, Pietromonaco & Jaffe, 1994; според Pietromonaco & Feldman, 2000). Спротивно на тоа, адолесцентите кои пристапуваат со поголема вознемиреност во врската, со страв од отфрлање и напуштање, ги гледаат нивните односи понегативно и се однесуваат пonепријателски. Овие перцепции и однесувања се поврзани со ниски нивоа на задоволство во врската, емоционална интимност и посветеност.

Фурхам и Вехннер (Furham & Wehner, 1994; според Furham & Wehner, 1997; Furham & Wehner 1997) поставиле теоретска претпоставка за развојот на романтичните односи низ адолесценцијата, која ги интегрира приврзаноста, посветеноста, давањето нега и сексуално репродуктивно однесување во романтичните врски. Тие навеле дека во почетокот на раната адолесценција романтичните партнери го вреднуваат меѓусебното значење и така значително го намалуваат стресот во време на неволја. Како што сексуалната желба се јавува, сексуалното однесување и чувства се приклучуваат на врската. Фурхам и Вехнер (Furham & Wehner, 1997) заклучуваат дека преку исполнувањето на овие различни потреби, романтичниот партнер станува централна фигура во доцната адолесценција и раните зрели години.

### 1. 7.1 Социоемоционалното врзување и полот

Формирањето на чувството за сопствениот род започнува во почетокот на детството, но неговата значајност е зголемена во текот на адолесценцијата (Galambos, Almeida, Peterson, 1990; според Graham & Ickes, 1997). Физичкото созревање ја дава основата на адолесцентите за нови прашања во врска со нивниот идентитет и новите видови на односи, вклучувајќи ја и сексуалната и романтична страна на истите. На самиот почетокот на адолесценцијата, поединците поминуваат низ период на „родово интензивирање“ во текот на кој тие се повеќе во согласност со родовата улога и

очекувања, пренесени од очекувањата на родителите, наставниците и врсниците (Hill & Linch, 1983; според Graham & Ickes, 1997). Како резултат на тоа, од страна на средината во која адолесцентот се развива, поединечните верувања за родово соодветни особини и однесувања постепено може да станат построги и поригидн (Badger, Simpson, Jensen, 1998). Алгер и Мекромик (Algier & Mccormick, 1983; според Graham & Ickes, 1997) обезбедуваат краток пример за влијанието на значењата и изразите поврзани со машкоста и женственоста, кои може да имаат влијание на адолесцентните романтични врски. Овие истражувачи откриле дека и двата пола (машките и женските адолесценти), очекуваат тие самите да се однесуваат на начини многу повеќе слични според стереотипот на родовата улога на која припаѓаат, отколку што всушност сака спротивниот пол.

Феринг (Feiring, 1996) наведува дека кога се опишуваат романтичните врски, девојките повеќе се опишуваат како подготвени за себеоткривање, поддршка и љубомора. Мишке, Цвајг, Барбер и Еклес (Meschke, Zweig, Barber & Eccles, 2000) укажуваат дека овие над-стереотипни очекувања на другите кои се поврзани со родот, може да доведат и до претерано стереотипно однесување на мажите и жените во раните фази на адолесценцијата при хетеросексуалните романтични односи. Гилиган и Вигинс (Giligan & Wiggins, 1988; според Kobak et. al. 1993) тврдат дека емпатијата е одлика која доминира кај женскиот пол, за разлика од машкиот. Сепак, досегашните истражувања се измешани во својата поддршка на овој предлог.Ајзенберг и Ленон (Eisenberg & Lennon, 1983; според Graham & Ickes, 1997) укажуваат дека и покрај безброј докази за постоењето различни патеки во емоционалната социјализација, во поголемиот дел од однесувањето и емпатијата студиите не покажуваат јасни ефекти на полот. Покрај тоа, голем број на истражувачи (пр. Karniol, Gabay, Ochion & Harari, 1998), започнале сериозно да ги истражуваат релационите искуства на момчињата во различни контексти, при што откриле дека машките адолесценти, барем оние од урбаните средини, можно е да сакаат интимност и близина исто колку што и нивните женски врсници; девојките едноставно може да бидат повеќе охрабрени, успешни или вешти во исполнувањето на таквите желби.

Романтичните односи се контекстите каде се појавуваат многу развојни задачи. Ериксон (Ericson, 1968) верува дека адолесцентската љубов претставува „обид да се дојде до дефиниција на идентитет од страна на проектирање една слика за себе на другиот, при што при гледањето на тој начин се гледаме и себеси постепено разјаснети“

(Ericson, 1968, стр. 132). Во оваа формулација, формирањето на стабилен идентитет е тесно поврзан со способноста на поединецот да ги препознава мислите и чувствата на својот романтичен партнер. Оваа индивидуална разлика е конципирана од страна на некои истражувачи, како емпатиска точност (пр. Ickes & Simpson, 2003)

Емпатиската соодветност е термин, со кој се означува способноста на поединецот точно и вистинито да заклучи за одредена содржина на мислите и чувствата на другиот човек и да ги изрази за време на дијадна интеракција. Различните компоненти на емпатиската соодветност претставуваат различни вештини кои придонесуваат за формирање и одржување на односите (Ickes & Simpson, 1997)

Можеби наједноставното објаснување за овој термин е дека поединиците ќе поседуваат поголема емпатиска соодветност во комуникацијата со оние поединци со кои се во блиски односи, отколку со оние со кои се подалечни. Според Икис и Симпсон (Ickes & Simpson, 1997 според Ickes & Simpson, 2003) генералното образложение кое стои зад ова предвидување има три компоненти: 1) Луѓето во комуникацијата со своите блиски о се мотивирани од самата интеракциска врска, па самата перцепција треба да доведе до зголемена емпатиска соодветност. 2) Поединците во блиски односи веројатно имаат повеќе можности да го набљудуваат нивниот партнер отколку другите, 3) Поединците во блиски односи може да се чувствуваат повеќе подготвени да ги откријат своите чувства за својот партнер отколку на другите. Раните студии во врска со точноста на емпатиските перцепции од Нолер и соработниците (Noller et. Al, 1992 според Latty-Mann & Davis, 1996) се квалификувани во нормално позитивен однос, при што во секоја од овие студии, поголемата емпатиска соодветност била поврзана со посиромашните врски на функционирање и исход. Авторите претпоставуваат дека емпатиската соодветност може да ја подигне свеста за непомирливите разлики и откривањето на непријатните вистини за еден партнер (Sillars, 1985; според Latty-Mann & Davis, 1996). Неодамна, Икис и Симпсон (Ickes & Simpson, 1997; според Ickes & Simpson, 2003), предложиле теориски модел за решавање на овие навидум контрадикторни наоди, врз основа на индивидуалните разлики. Тие идентификувале два исклучоци од општото правило дека емпатиската соодветност е поврзана со повисок однос на квалитет. Двата исклучоци се претпоставува дека се јавуваат кога еден или двата членови веруваат дека нивниот партнер е засолниште на нивните мисли и чувства.

Општо правило е дека кога прашањата кои се дискутирани се сметаат за опасни, членовите можат да се поштедат од болка и повреди, што може да резултира од

правилото за природата на мислите на нивните партнери и чувства од страна на недоразбирања, или да бидат помалку емпатиски точни, што е во согласност со познатата тенденција кај здрави возрасни парови да се гледаат едни со други преку розови очила. Вториот исклучок, исто така, се појавува во контекст на потенцијално заканувачки мисли и чувства од страна на еден или двајцата партнери во врската. Според теоријата на приврзаност, Икис и Симпсон (Ickes & Simpson, 2003) предлагаат дека поединците кои имаат историја на неконзистентна поддршка и нега од значајните други, имаат и тенденција да развијат ниско самопочитување и да станат преокупирани со очекувања на губење или напуштање од страна на нивните романтични партнери. Во еден сеопфатен преглед на литературата во врска со полот и емпатиската точност, значителни разлики според полот биле пронајдени во само 3 од 10 студии. Во овие три студии, било пронајдено дека жените поседуваат поголема емпатиска точност отколку мажите. Греам и Икис (Graham & Ickes, 1997) се сомневаат дека трите студии, во кои биле пронајдени значителни разлики исто така се користат со нова емпатиска референца за известување, форма која наведува дека заради ангажираноста на мотивацијата на женските перцепирачи се пројавува поголема чувствителност, а со тоа подобрување и на нивните перформанси во однос на мажите (Graham & Ickes, 1997).

Во истражувањата за родовите и емпатијата, Греам и Икис (Graham & Ickes, 1997) заклучиле дека лимитираните родови разлики се последица само на онаа разлика кај жените која се состои во невербално декодирање.

### 1.7.2 Возрасен стил на поврзаност и атракција

Индивидуалната возрасна приврзаност може да доведе до предвидување на партнерот кој ќе не привлече, односно атракцијата кон истиот да се јави врз основа на карактеристики од типот на безбедносен/несигурен стил на приврзаност и преференциите за истиот. Од ова е веродостојно дека поединците може да демонстрираат предност за партнери врз основа на нивниот стил на привразност со своите складни односи и очекувања, при што би можело да се очекува дека безбедните поединци ќе покажат предност за други сигурно приврзани партнери. За несигурните поединци, пак, очекувачката врска може да направи конфликт со нивните очекувања од другите, па така и потрагата по соодветен партнер станува проблематична. Сепак, се појавуваат три хипотези (Baumeister, 1982; Greenwald 1980; Jones, 1973; Caplan, 1975; според Collins &

Read, 1990) кои ги предвидуваат предностите на поврзувањето на партнерите врз основа на нивниост стил на приврзаност, а тоа се: хипотеза на сличност, хипотеза на комплементарност и хипотеза на безбедна поврзаност. Иако сите три хипотези предвидуваат безбедните поединци да се претпочитаат еден со друг, варијации постојат во предвидените параметри на несигурните поединци.

Хипотезата за сличност предвидува дека поединците ќе им даваат предност на партнерите со стил на приврзаност сличен на нивниот. Според оваа хипотеза избегнувачките поединци треба да покажат преференции кон слични избегнувачки поединци. Подобар увид во оваа хипотеза би можел да се добие преку примена на теоријата за авто-подобрување (Baumeister, 1982; Greenwald 1980; Jones, 1973; Caplan, 1975; според Collins & Read, 1990), која укажува на тоа дека поединците имаат силна желба за позитивни повратни информации од другите и подобрување на нивната слика за себе. Споредбено, спарувањето со партнер со сличен стил на приврзаност и односот кон кој цели, слично посакуваните нивоа на интимност и независност, ќе се обезбедат и за лица со позитивни повратни информации и секој од нив ќе реагира позитивно на својот стил на поврзаност.

Хипотезата на комплементарност, предвидува прифаќање врз основа на тоа колку добро партнерите ги потврдиле своите стилови на приврзаност, поврзани со очекувањата од една романтична врска. Според оваа хипотеза, вознемирените поединци треба да се покаже дека преферираат избегнувачки партнери кое што спарување со нив ќе ги потврди своите негативни очекувања од другите, како на пример далечина во односите. Поимот нво основата на оваа хипотеза е дека поединците се подготвени да останат во односи со партнери кои ги потврдуваат нивните очекувања.

И на крај, хипотезата за безбедна поврзаност предвидува дека сите поединци, без оглед на стилот на поврзување и придружните на него односи и очекувања, треба да покажат претпочитање на безбедни партнери над сите други, каде што партнерите нудат најдобри можности за безбедност и со самото тоа и најдобар потенцијал за формирање на емоционална врска (Chapel & Davis, 1998 според Cramer, 2006; Latty-Mann & Davis, 1996). Според оваа хипотеза, приоритетот на поединците е безбедноста во текот на нивниот однос и очекувањата од истиот. После основната предност за безбедните партнери, вознемирените партнери се најпосакувани како втор избор, додека избегнувачките партнери се најмалку посакувани. Овој редослед меѓу несигурните стилови на приврзаност е заради тоа што вознемирените партнери покажуваат повеќе

негување и грижа, односно позитивни карактеристики, како што се нивната желба за блискост во нивниот однос, за разлика од избегнувачките партнери, чии високи избегнувања и повеќе негативни карактеристики го прават формирањето на емоционална врска потешко (Chapel & Davis, 1998; според Cramer, 2006; Latty-Mann & Davis, 1996).

## 1.8 Социо-емоционално врзување и перцепцијата на конфликт

Во различни типови на односи, сигурносната приврзаност е поврзана со директна соработка и форма на управување со конфликти, како што се соработката и компромисот (Bippus, 2003; Mallinckrodt, 2000; Leveridge, Beesley, 2005; Rholes, 1996; според Mikulincer & Shaver, 2010). Безбедните поединци се со помала веројатност да користат избегнување (Creasey, Kershaw & Boston, 1999; според Creasey, Hesson-McInnis, Craft, Kurz, Curran & Otter-Henderson, 2000), а во конфликтни односи покажуваат помалку аргументи и помалку вербална агресивност (Kobak & Hazan, 1991; Wampler, Nelson, Kimbal, 2003; според Mikulincer & Shaver, 2010). Слични шеми се пронајдени за односите родител-дете Дачарм, Дој и Маркиевич (Ducharme, Dojl, Markiewitz, 2002; според Haugen, Welsh & McNulty, 2008) покажале дека адолесцентите кои биле сигурно приврзани за двајцата родители било најверојатно да се вклучат во преговорите и да бидат расположени за соработка. О'Конел и Малинкрод (O'Connel & Mallinckrodt, 2000; според Haugen, Welsh & McNulty, 2008) истакнале дека отфрлените и избегнувачките поединци биле со најмала веројатност да соработуваат во конфлиткна ситуација.

Генерално, литературата сугерира дека сигурно врзаните поединци повеќе ќе се вклучат во кооперативно конфликтно однесување. Имајќи сигурен партнер, исто така, би требало да промовираат компромис и соработка. Како што е претходно наведено успешното спроведување на двете од овие стратегии бара соработка помеѓу партнерите. Партнерите со сигурносен стил на поврзаност и нивните начини на управување со конфликти, го одбираат овој стил делумно затоа што тие се сигурни во себе и имаат тенденција да им пријдат на проблемите наместо да ги избегнат. Несигурните партнери, е најверојатно да ги избегнат или да бидат видно вознемирени во врска со конфликтот, што ќе доведе до помала соработка.Поединците кои се карактеризираат со преокупирачки стил на приврзаност имаат хиперактивирачки систем за време на конфликтот, делумно

поради тоа што се плашат од напуштање и делумно поради тоа што тие сакаат одобрување од другите. Иронично, овој хиперактивирачки систем може да ги поттикне преокупираните поединци да се вклучат во премногу контрола и во донекаде очајни стратегии, за да се обидат да ги зачуваат нивните односи. Тие, исто така, искажуваат лутина на агресивни и пасивно- агресивни начини (Gerrero et. al, 2009; според Mikulincer & Shaver , 2010). Поединците кои се карактеризираат со избегнувачки стил (поради нивните негативни модели на другите и двоумење да им веруваат на другите) се покажале дека вклучуваат повеќе индиректно и дефанзивно однесување за време на конфликтот. На пример, лицата со негативна и исплашена приврзаност се повлекуваат од конфликтот и се емотивно неизразени (Creasey et. al., 2000; Gerrero et. al., според Mikulincer & Shaver, 2010 ). Некои истражувања, исто така, укажуваат на тоа дека преокупирачките поединци користат избегнување (на пример, Takher & Anders, 1998; според Shi, 2003), иако во ова тврдење се помалку конзистентни. Иако постои значителен број на литература која го поврзува конфликтното однесување и стилот на приврзаност, малку истражувања ги испитуваат овие дијадни врски за да се утврди како стиловите на приврзаност кај партнерите работат заедно за да се предвидат перцепциите на однесување во конфликт.

Некои студии укажуваат на тоа дека, во споредба со родителите, адолесцентите имаат тенденција да се вклучат во особено високи нивоа на несоработка во еден конфликт (на пример, Cicognani, Zani & Albanesi, 2010). Улогата, исто така, може да биде фактор на комуникација и приврзаност, така што некои теоретичари се држат до тоа дека појавата може да биде различно доживеана за еден член на семејството (родител или дете), но не и за другите или појавата може да бидат позитивна за еден член на семејството, но негативна за другите. Преокупирачките родители би можеле да бидат повеќе попустливи, како начин да се задржи блискиот однос, а преокупирачките деца може да користат помалку попустлив ефект како начин да се афирмира моќ и за тестирање на границите на односите во тој однос. Фени (Feeney, 2006; според Mikulincer & Shaver, 2010) на пример, покажал дека врската помеѓу родителската основа и осаменоста на детето била со посредство на родителското конфликтно однесување. Други истражувања покажале дека конфликтно однесување (Feeney, 1994; според Mikulincer & Shaver, 2010), само- откривањето (Keelan & Dion, 1998; според Mikulincer & Shaver, 2010) и емоционалната комуникација (Gerrero et. al., 2009; според Mikulincer & Shaver, 2010) ги посредува врските помеѓу приврзаноста и квалитетот во романтичните

врски. Така, се чини веројатно дека перцепциите на однесување и конфликт може да ги посредуваат асоцијациите меѓу овие фактори на взаемното задоволство кај возрасните.

## 3.2 Релевантни истражувања

Во една студија (Graham & Ickes, 1997) која ја мерела важноста на емпатијата во романтичните врски биле искористени податоците собрани од 101 адолесцент од средна адолесценција и 105 адолесценти од доцна адолесценција. Тие ги користеле кодираните податоци собрани од снимени разговори со која паровите разговараат за прашањето на несогласување во нивниот однос, како и податоците собрани од анкета. За да се постигнат овие анализи во начинот на кој се контролирани, за независноста на одговорите на партнер-членовите, податоците биле истражени со хиерархиско линеарно моделирање. Способноста на поединецитe правилно да ги заклучат мислите и чувствата на нивниот партнер бил многу сличен и кај мажите и жените. Тие откриле дека, генерално, жените биле малку повеќе емпатиски точни од нивните машки партнери. Односот на должината на врската бил поврзан со точноста на емпатијата. Со контрола на возраста, тие откриле дека односот на задоволство бил значително поврзан со емпатиската точност за мажите и за жените. Во првите седум студии кои ги користеле Грахам и Икис (Graham & Ickes, 1997) се сретнале со емпатиска точност во парадигмата, но не и во однос на родовите разлики кои биле центар на истражувањата. Сепак, во следните три студии со користење на истата емпатиска парадигма, родовата разлика е пронајдена, каде жените покажуваат значително повеќе емпатиска точност отколку мажите. Единствената разлика помеѓу студиите, кои откриле родова разлика и оние кои не ја пронашле бил образецот за модификација на известувањево кога перцепирачите ги известуваат своите цели, односно мисли и чувства. Мета-анализата на родовите разлики во емпатиската соодветност открива дека жените одговараат со поголема емпатиска точност од мажите само кога оваа нова верзија на форма била искористена.

Грахам и Икис (Graham & Ickes, 1997) укажуваат на тоа дека оваа мала разлика во однос на емпатискаа инференциска форма ги мотивира жените да бидат повеќе емпатиски точни со што ги прави свесни дека се оценувани нивните емпатиски

способности. Идејата дека верувањата на жените за своите емпатиски способности може да ги мотивира да бидат повеќе емпатични е во согласност со наодите на Ејсенберг и Ленон (Eisenberg & Lennon, 1983 според Graham & Ickes, 1997) во однос на емпатијата. Тие откриле дека авто-извештајот на емпатија генерално применет на женски примерок, индицира дека жените имаат тенденција да се гледаат себеси како повеќе емпатични. Меѓутоа, кога емпатијата е измерена во повеќе објективни начини не потпирајќи се на авто-извештаи, разлики во полот генерално не биле пронајдени.Сепак, фундаменталните аспекти на традиционалната женска родова улога би можела да влијае на емпатијата преку мотивациски пат. Ејсенберг и Ленон (Eisenberg & Lennon, 1983 според Graham & Ickes, 1997) откриле дека жените покажуваат дека реагираат повеќе емпатично од мажите во различни ситуации, што можеби укажува на тоа дека жените ги гледаат емпатиските вештини како повеќе важни за својот однос кон себеси. (Giligan, 1982 според Zahn-Waxler, Cole & Chaplin, 2005; Zahn-Waxler, Cole & Баррет, 1991 според Zahn-Waxler, Cole & Chaplin, 2005). Ако жената е свесна дека задачата е оценување на нејзината емпатиска способност, тоа може да биде многу важно за нејзиното себевреднување. Оттаму, може и да се прикаже поуспешна по завршување на истото објективно мерење на емпатија, бидејќи кај неа се наоѓа зголемено ниво на мотивација.

Генерално, наодите во истражувањето на двете мерења, и авто-извештаи и објективни мерки на емпатија укажуваат на тоа дека родовите разлики во меѓучовечките перцепции на емпатијата не секогаш резултира со генерални разлики во способноста помеѓу двата пола, но може да биде резултат на фактори кои ги мотивираат мажите и жените во различен обем.

Најчесто одржано верување е дека женските се повеќе интерперсонално чувствителни од машките. Некои научници имаат предлози дека емпатијата, дефинирана како способност да се споделат и се разберат емоциите и чувствата на другите во однос на себе, поседува критична когнитивна разлика меѓу жените и мажите. Особено, минатите истражувања покажуваат зголемување на емпатичната способност.

Според едно друго истражување (Roy & Carnelly, 2005, според Mikulincer & Shaver, 2010 ) биле мерени само-објавите во однос на вознемиреност и избегнување во врската како и променливо оценување на различни аспекти на автовреднувањето.

Учествувале вкупно 116 хетеросексуални двојки при што просечната возраст на учесниците била 21,6 години. Во оваа студија било откриено дека нема големи родови

разлики во однос на самообјавите во врска со самопочитта и избегнување во врската, иако жените пријавите помал степен на анскиозност во врската. Покрај тоа, половата разлика се појавила во односот на меѓу себевредувањето како варијабла и променливите односи на анксиозност и избегнување, иако целокупната високо емоционална интелигенција, физичка привлечност и комуникациски способности биле помалку поврзани со односот на анксиозност и избегнување.

Избегнувачките поединци во врската имаат склоност за далечина како основа за самодовербата и можат да ја видат меѓузависноста и интимноста како закана. Кога избегнувачките поединци се чувствуваат загрозени, тие често прикажуваат на површина одбранбени карактеристики (Mikulincer & Shaver, 2010). Мажите кои имаат помали вредности на физичка атрактивност може да чувствуваат зголемена смисла на закана во нивните партнерски односи и може да прикажат повеќе избегнување, при што се дистанцираат себеси од својот партнер како резултат на помала себепочит. Од друга страна, приврзаните, но анксиозни поединци имаат тенденција кон интензивен страв од отфрлање и одвојување и имаат силна желби за безбедност и блискост кои предизвикуваат тие да се фокусираат на потенцијалните награди на интимност и да ги задржат позитивните ставови во партнерскиот однос и во врска со нивниот партнер.

Жените, пак, кои пријавиле ниски вредности на физичка привлечност може да се присилат себеси на охрабрување за да се доближат поблиску до своите партнери заради желбата за интимност и безбедност. Избегнувачките поединци имаат тенденција да ја видат интимноста и близината, како аверзивен третман на нивната врска каде се чувствуваат ранливи откривајќи ја нивната основа – самите тие (Roy & Carnelly, 2005; според Mikulincer & Shaver, 2010).

Поединците кои на авто-извештајот дале ниски вредности на скалата на емоционална интелигенција може да се вклучат во односот на избегнувачко однесување поради зголеменото чувство на непријатност во процесот на откривање на своите чувства и емоции.

Довербата во комуникациски способности во корелација со односот на безбедноста помеѓу партнерите открива дека генерално, повисоко ниво на емоционална интелигенција, физичката привлечност и комуникациски способности се поврзани со понизок степен на вознемиреност и избегнување.

Во едно истражување ( http://www.relationships.org.au) 75 двојки, (75 мажи и 75 жени) кои биле во долготрајна врска или брачен однос биле регрутирани во градското подрачје на Мелбурн, преку курсеви за образование во врските на Центарот „Две Австралии“-едукација и советувалиште. Учесниците во овие курсеви биле на возраст од 19 до 73 години, а над 95% од учесниците беа Англо-Австралијци. Шеесет и два проценти биле во брак, додека остатокот од паровите биле во романтични односи. Должината на нивните врски се движи од 10 месеци до 50 години и 6 месеци, со средна вредност од 15,04 години.

Секој член на учесниците во двојките поединечно го пополнувале прашалникот за обезбедување на информации на: демографијата; стил на приврзаност; обезбедување на поддршка од партнерот; доверба; деструктивен конфликт во центарот при комуникација; интимност; и односот задоволство.

Да се утврди дали кај мажите и жените во двојки постои разлика во перцепциите на стилот на поврзување, обезбедување на поддршка на партнерот, доверба, употребата на решавањето на конфликти во центарот за комуникација, интимност и односот задоволство, биле тестирани разликите меѓу средната вредност на оценките на овие фактори за мажи во споредба со жените. Исто така, испитувано е дали перцепциите кај мажите и жените се разликувале како резултат на врската во однос на должина и во однос статус (на пример, врска наспроти брак). Истражувањето покажало дека нема значајни разлики помеѓу мажите и жените. Мажите и жените пријавиле ниско ниво на несигурност како стил на приврзаност, заедно со анксиозноста и избегнувањето кои паднале под средната точка на опсегот на скалата. Слично на тоа, и мажите и жените пријавиле мала употреба на деструктивен конфликт при комуникација со партнерот. Спротивно на тоа, двојките пријавиле високи нивоа на обезбедување на поддршка на партнерот, доверба и интимност и умерен однос на задоволство. При испитувањето на ефектите на врската, должината и статусот на овие променливи варијабли, тие откриле три значајни асоцијации. Прво, должината на врската е позитивно поврзана со посветеноста и за мажите и за жените. Второ, во однос на статусот е, исто така, позитивно корелиран со заложбата за мажите и жените, што укажува на тоа дека и за двата пола, посветеноста била повисока за бракот во споредба со невенчаните парови. Исто така, било водено сметка за секоја двојка во однос на должината на врската. На пример, романтични партнери, кои биле заедно само 10 месеци, покажуваат поголеми

разлики во однос на перцепциите и ставовите во споредба со паровите кои биле заедно 20 или повеќе години.

Недостатокот на родовите разлики пријавени во оваа студија е во согласност со последните неколку истражувања (Burleson, 2003 според Karantzas, Feeney, Goncalves, & McCabe,2010; Kurdek, 2005 според Karantzas et. Al.,2010 ). Овие резултати се дополнително поддржани од Картаназас и сор.( Karantzas et. Al.,2010) во кои авторите развиле и тестирале модел на врска функционирање и ја испитуваат силата на односите помеѓу промените изнесени во овој труд, анализа на податоци на ниво на пар. Во оваа студија, нема значителни разлики пронајдени во силата на односите помеѓу промените за полот. Генерално, ова неодамнешно истражување го поддржува тврдењето дека кога се истражуваат поединци вклучени во задоволување на долгорочни односи (а не, парови или дијади) родовите разлики може да се преценети. Користење дијади или парови во неколку истражувања не успеале да поддржат големи родови разлики .

Две можни причини може да бидат предложени за недостатокот на родовите разлики . Од една страна, паровите во овој примерок, кои на почетокот си биле привлечени едни со други поради сличностите кои ги делат во врска со нивниот однос, верувања, ставови, вредности и начини на однесување. Од друга страна, тоа може да биде дека секој член на парот имал доста поинаков однос на ставови и верувања во текот на раните фази на односот, но со текот на времето, сознанијата и однесувањата на партнери се обединиле. Имајќи го ова во предвид, овие анализи за тоа дали се разликуваат перцепциите на партнерот како функција на врската должина и статус чини дека обезбедува поддршка за првата од овие причини. Тие не пронашле докази во овој примерок дека партнерите започнале со различни верувања и ставови во врска со нивните односи. Наместо тоа, двојките се чинело дека споделуваат многу слични ставови уште од почетокот. Ниту пак се пронашле разликуви помеѓу партнерите во романтична врска, од оние во споредба со брачните двојки.

Различните односи, образование и сл. ја потенцира идејата дека мажите и жените ги гледаат односите поинаку, а тоа е дека, постојат 'неговиот' и 'нејзиниот' поглед на односот. На пример, разлики има во начинот на кој мажите и жените комуницираат во врските.

Во едно друго истражување ( Frank D. Fincham, 1999), студијата истражуваше како варијаблите од интерес се поврзани една со друга во примерокот 241 машки и женски

хетеросексуалци на возраст меѓу 25 и 38 години. Анализите откриле силни асоцијации меѓу автентичноста и стилот на приврзаност, односот на задоволството, интимност, осаменоста и рамноправност. Наодите, исто така, вклучуваат значајни разлики кои се однесуваат на автентичноста, односот задоволство, интимност и осаменоста меѓу учесниците во зависност од видот на врската.

Интересни разлики се појавиле помеѓу варијаблата пол и тековниот однос, односно статус на врската. Поточно, жените објавиле повисоки нивоа на анскиозност од мажите и повисоки нивоа на рамноправност отколку мажите. И меѓу трите нивоа на тековната врска и статусот, разликите се појавиле во однос на автентичноста, стилот на приврзаност и избегнување, анксиозноста, односот на задоволство, интимност, и осаменост. Поточно, учесниците кои биле без партнер, изјавиле дека се значително помалку автентични доколку се сами, а оние во брак/партнерство изјавиле дека се значително повеќе автентични откако се во партнерство. Покрај тоа, учесниците изјавиле дека се значително помалку осамени откако се во врска/брак.. И меѓу сите учесници кои учествувале во тековното вклучување во романтична врска, оние во брак или партнерство изјавиле значително повисоко ниво на односите на задоволство и поголемо ниво на присуство на интимност. Влијанието на полот и навистина ја шири конфликтната динамика на општествено и индивидуално ниво. Разбирањето на улогата на половите во конфликт, воедно најдобро се постигнува преку анализа на индивидуално ниво, интеракционално и општествено ниво.

Во рамките на овие три нивоа на анализа, исто така има и два радикално различни во полот парадигми кои ги насочува агендите за истражување на социјалните научници кои работат во оваа област.

Есенцијалните разлика претпоставува како и секогаш посебност на женскиот свет, во кој жените се по природа различни од мажите. Оваа перспектива се фокусира на грижливиот аспект на жените, соработката и помирните атрибути. Некои од овие студии се фокусираат на мајчинските способности на жените како основа на градење на нивните улоги како грижливи и миротворци.

Од друга страна постојат и теории кои ги негираат претпоставките дека жените и мажите имаат суштинско значење во разликата на својата природа. Пост-модерниот феминизам се фокусира на размена помеѓу социјалните изградба на поединци и уставот на поединецот за себе. Со фокусирање на јазикот, симболиката, алтернативните дискурси

и значење, пост-модерниот феминизам и студиите тврдат како социјалните власти и како општествени односи на пол, класа и раса може да се трансформираат. Ова сепак, не ја исклучува можноста за специфичноста на искуства на жените, и нивните разлики од мажите, бидејќи во патријархатот жените имаат различен пристап кон дискурзивните области.

На општествено ниво, патријархатот се карактеризира со историска дискриминација и неправда репродуцирана во институциите и идеологијата. Претпоставките за машката супериорност ги осветлуваат нашиот мисловни процеси, како што и на искуствата во животот на кои побарувањата на доминантните идеологии е дека се основани од искуствата на мажите, а не од жените. Од самиот почеток жените и мажите се социјализирани во рамките на крути и стереотипни очекувања основани на полот. Институциите, како што се: црквата, семејството и законот, ги репродуцираат овие предрасуди во норми, правила и закони. Овој институционален систем на угнетување и неправда директно создава спорови, одржува и ескалира други конфликти и ги напаѓа сите други човечки интеракции.

На интеракционално ниво постојат голем број на студии. Полот може да биде онова на површината во конфликтите. Патриција Гвартни, (Patricia Gwartney, 2001 според Stackert, & Bursik, 2003) изучува како родот влијае на потеклото, процесите и резултатите од конфликтите на работното место. Истражувањето најде разлики во потеклото на конфликтите за мажите и жените. Општествената конструкција на работните услови на начинот на кој што жените ги формулираат своите поплаки и начините на кои супервизори ги спроведуваат. Иако и мажите и жените имале проблеми на работното место кои биле поврзани со меѓучовечки односи, жените пријавиле повеќе личносни конфликти од мажите и се чинеле повеќе чувствителни на нив. Жените, исто така, доживеале повеќе конфликти околу стереотипите на основа на родовата улога.

Исходите од процесите на решавање на конфликтите биле, исто така, различни за мажите отколку за жените. Конфликтите кај жените биле повеќе врамени индивидуално, па тие добиле повеќе поединечни одговори на нивните спорови. Овој истражувачки проект покажува дека жените различно ги доживувале конфликтите на работното место и на нивните спорови се постапува поинаку од мажите и резултатите се различни за двете групи. Оваа студија е се покажала како прилично важна, бидејќи таа директно е во корелација со половите разлики во работното место како потекло на конфликт, процесите и резултатите се до обрасците во нееднаквоста во вработувањето.

Гледано во институциите на справување со конфликтите, Терел, Нортхруп и Сегал (Terrell, Northrup & Segall 1982 според Stackert, & Bursik, 2003) ги спореднле машките и женските искуства во процесот на посредување. Нивната студија анализирајќи ги разликите кај жените и мажите покажале разлики во чувството на ранливост и оспособување. Истражувачите претпоставуваат дека жените се чувствуваат ранливи во ден за ден односи, особено во однос на мажите. На жените ова чувство на ранливост ќе биде особено истакнато во конфликтни ситуации бидејќи постои потенцијал за агресија и насилство.

Истражувачите откриле дека жените почесто изјавуваат дека се чувствуваат исплашени или ранливи отколку мажите. Жените се со значително поголема веројатност да се чувствуваат ранливи во конфликти со мажите, отколку кај конфликти со други жени. Жените се со поголема веројатност да зборуваат за своите стравови од конфликтот и дека се жртва на агресија или насилство. Жените изјавиле дека загриженоста во врска со децата, идентитетот и статусот придонесуваат за нивната ранливост во конфликти. Недостигот на поддршка од значајни другите и недостаток на доверба во другите колеги, исто така, го засилувале чувство на ранливост. Жените и мажите, исто така, се разликуваат во начините на кои тие зборуваат за нивните конфликти. Жените разговарале во длабочина и во должина околу контекст на спорот, особено фокусирајќи се на нивната вклученост во врска со другата страна. Мажите се користеле со порационално, линеарни и легалистички јазик да ги опишат нивните спорови.

Спротивно на она што истражувачите го очекувале, жените во студијата се користат со значително повеќе стратегии и повеќе видови на стратегии за решавање на конфликтите отколку мажите. Исто така, неочекувано, жените не покажале поголема загриженост отколку мажите во одржување на позитивни односи со другата страна. Иако жените се чувствувале повеќе ранливи, нивната ранливост се чини дека не се меша со нивната способност активно да се справат со нивните конфликти.

## 4.0 Истражувачки хипотези

По обработката на теоретската позадина на истражуваните конструкти, како и релевантните истражувања кои ја испитувале нивната поврзаност, може да се одвојат следните хипотетички одговори на претходно поставениот проблем, односно четири истражувачки хипотези кои ќе бидат испитувани во понатамошната обработка:

**Хипотеза 1: Адолесцентките се позадоволни од романтичната врска од адолесцентите.**

**Хипотеза 2А: Сигурно социо-емоционално врзаните адолесценти и адолесцентки се позадоволни од романтичната врска од несигурно социо-емоционално врзаните адолесценти и адолесцентки.**

**Хипотеза 2.Б:** Сигурно социо-емоционално врзаните адолесцентки се позадоволни од романтичната врска од сигурно социо-емоционално врзаните адолесценти, додека несигурно социо-емоционално врзаните адолесцентки се еднакво задоволни од романтичната врска како и несигурно социо-емоционално врзаните адолесценти.

**Хипотеза 3А: Поемпатичните адолесценти и адолесцентки се позадоволни од романтичната врска од помалку емпатичните адолесценти и адолесцентки.**

**Хипотеза 3.Б:** Поемпатичните адолесцентки се позадоволни од романтичната врска од поемпатичните адолесценти, додека помалку емпатичните адолесцентки се еднакво задоволни од романтичната врска како и помалку емпатичните адолесценти.

**Хипотеза 4: Адолесцентите и адолесцентките со поуспешен стил на справување со конфликти во врска се позадоволни од романтичната врска од адолесцентите и адолесцентките со помалку успешен стил на справување со конфликти во врска.**

**Хипотеза 4.А:** Адолесцентките со поуспешен стил на справување со конфликти во врска, се позадоволни од романтичната врска од адолесцентите со поуспешен стил на справување со конфликти во врска, додека адолесцентките со помалку успешен стил на справување со конфликти во врска се еднакво задоволни од романтичната врска како и адолесцентите со помалку успешен стил на справување со конфликти во врска.

## 4.1 Операционална дефиниција на варијаблите на истражувањето

***Варијабла 1. Пол***

Варијаблата *пол* операционално ќе се дефинира преку категоризација на испитаниците на база на полот на кој му припаѓаат.

***Варијабла 2. Социо-емоционално врзување***

Варијаблата *Социо-емоционално врзување* операционално се дефинира преку скорот добиен на Прашалникот за социемоционално врзување за членовите на семејството (Brenan, Clark & Shaver, 1998). Во однос на вкупниот скор на тестот, опсегот на можни скорови се движи од 18-126, при што понизок скор укажува на погелем степен на сигурно врзување, а повисок скор на несигурно врзување.

***Варијабла 3. Емпатија***

Варијаблата *емпатија* операционално се дефинира преку скорот добиен на Инструментот на интерперсонална реактивност ( Interpersonal Reactivity Index-IRI). Помал скор добиен на оваа скала укажува на помал степен на емпатија кај личноста, додека повисок скор на оваа скала укажува на присуство на повисоко ниво на емпатија кај личноста. Опсегот на можни скорови се движи од 0- 112

***Варијабла 4. Стил на справување со конфликт во романтична врска***

Варијаблата *Стил на справување со конфликт во романтична врска* операционално се дефинира преку скорот добиен на прашалникот скала за проценка на стилот на справување со конфликт во врска (Romantic Conflict Style Scale).Скорот добиен на овој пршалник укажува на степенот на успешност при справување со конфликти во врската, при што повисок скор означува поуспешно справување со конфликт во романтична врска, а понизок скор укажува на понеуспешно справување со конфликти во романтична врска. Вкупниот опсег на скорови на целиот тест се движи од 16-80.

***Варијабла 5. Задоволство од врска***

Варијаблата *задоволство од врска* операционално се дефинира преку скорот добиен на прашалникот RAS и претставува скор добиен на RAS кој може да се движи во рамки од 5-35, при што понизок скор упатува на пониско ниво задоволство од врската, додека повисок скор на повисоко ниво на задоволство од врската.

## 4.2 Контрола на релевантните варијабли

Релевантните варијабли во ова истражување се возраста и должина на траење на романтичната врска.

Во однос на возраста, оваа варијалба се контролира преку константност на релевантната варијабла на тој начин што во примерокот на испитаници се вклучени само испитаници на возраст помеѓу 19 и 21 година, што не претставува важна разлика во однос на возраста, односно не се очекуваат важни влијанија со толку мал опсег на испитаниците во однос на возраста.

Во однос на должината на траењето на романтичната врска, оваа варијабла се контролира преку константност на релевантната варијабла на тој начин што во примерокот на испитаници се вклучени само испитаници кои се во романтична врска 6 или повеќе месеци, за кои се смета дека веќе имаат воспоставено одреден стил на комуникацијата помеѓу партнерите, кој во иднина е помалку променлив, отколку во почетокот на романтичната врска.

# 5. Метод

## 5.1 Испитаници

Предметната популација за ова истражување беа студенти од машки и женски пол (адолесценти и адолесцентки) на возраст од 19 до 21 година. Испитаниците во моментот на изведување на истражувањето, за неговите потреби беше потребно да се во врска 6 или повеќе месеци. Достапната популацја на ова истражување беа редовни студенти и студентки (адолеценти и адолесцентки) запишани во втора година на студии во учебната 2013/2014 година на Иститутот за психологија, Институтот за социологија и Инстутутот за безбедност, одбрана и мир, при Филозофскиот факултет во Скопје.

Примерокот користен во истражувањето беше пригоден и беше формиран од редовни студенти од втора година на Иститутот за Психологија, Институтот за Социологија и Инстутот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет во Скопје. Се доби примерок од 200 испитаници на возраст од 19 до 21 година со просечна возраст од 20,08 години и SD =0,87. Од вкупниот број на испитаници, 109 (54,5%) се женски, а 91 (45,%) се испитаници од машки пол. Дистрибуцијата на испитаниците по пол е дадена во продолжени на Слика 1:




Слика 1: Дистрибуција на испитаниците по пол

Според тоа на кој факултет студираат, 87(43,5% ) испитаници се студенти на Институтот за Психологија, 62(32,5%)се студенти на Институтот за Социологија и 51 (25,50%) се студенти на Институтот безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет во Скопје. Дистрибуцијата на испитаниците според факултетот на кој студираат е дадена во продолжени на Слика 2:




Слика 2: Дистрибуција на испитаниците по факултет на кој студираат

## 5.2 Мерни инструменти

За потребите на ова истражување, односно за мерење на четирите варијабли: социо-емоционлано врзување, емпатија, стил на справување со конфликти во врска и задоволство во врска, се користеа 4 тестови, по еден за мерење на секоја варијабла. Ова истражување имаше квантитативен карактер. Секој од тестовите ја операционализира варијаблата преку својот скор и ја претставува како континуирана варијабла. Понатаму, за проверка на истражувачките хипотези, зависните варијабли беа дихотмозирани на две категории, соодветно двата екстрема на континуумот на скалата на секој тест. За целите на ова истражување, за мерење на варијаблите од интерес, се користеа следниве тестови:

**1. Скала за проценка на квалитетот на социо-емоционалното врзување на Бренан, Кларк и Шавер** (Brenan, Clark & Shaver, 1995), адаптиран од страна на Kamenov и Jelić, во 2003 година.

Квалитетот на социо-емоционалното врзување во овој труд се мереше преку адаптираната верзија на Прашалникот на Бренан, Кларк и Шавер (Brenan, Clark & Shaver, 1995), од страна на Kamenov и Jelić, во 2003 година. Скратената верзија, како и оригиналната се состои од две скали:

А) ***Скала на избегнување*** со која се мери избегнувањето како димензија на врзување. Димензијата на избегнување се движи од лесно зближување со другите до неудобност кога односите со другите ќе станат блиски. Кај скалата на избегнување, повисок скор укажува на повисоко ниво на избегнување при врзувањето, а понизок скор укажува на присуство на пониско ниво на избегнување при социоемоционалното врзување

Б) ***Скала на анксиозност*** служи за мерење на анксиозноста како димензија на врзувањето и се однесува на страв од напуштање и потреба за екстремна блискост. Кај скалата на анксиозност повисок скор укажува на повисоко ниво на анксиозност при врзувањето, а понизок скор укажува на присуство на пониско ниво на анксиозност при социо-емоционалното врзување.

Резултатите на овие две димензии може да се комбинираат во истите четири категории на приврзаност кои ги наведува Бартоломеј:

- Поединците со сигурно врзување ќе имаат ниски скорови и на скалата за избегнување и на скалата за анксионост
- Поединците со окупирано врзување ќе имаат ниски скорови на скалата за избегнување и високи скорови на скалата за анксионост
- Поединците со плашливо врзување ќе имаат високи скорови и на скалата за избегнување и на скалата за анксионост
- Поединците со отфрлувачко врзување ќе имаат високи скорови на скалата за избегнување и ниски скорови на скалата за анксионост

Со прашалникот се мери социо-емоционалното врзување во семејството. Прашалникот се состои од 18 тврдења (9 тврдења за секоја скала), кои се однесуваат на чувствата на

испитаниците во семејните односи. *Скалата на избегнување* ја сочинуваат тврдења означени со непарен број, а *скалата на анксиозност* тврдења означени со парен број.

Добиениот Cronbach alpha коефициент за скалата на избегнување изнесува 0.94, а за скалата на анксиозност 0.91. Задача на испитаникот е за секое тврдење да го изрази степенот на согласување на скала од 1 до 7 (1- воопшто не се согласувам, 4- ниту се согласувам, ниту не се согласувам, 7- потполно се согласувам). Резултатите се формираат со собирање на бодовите за ајтемите на поединечните димензии. Според скорот што ќе се добие на прашалникот испитаникот се класифицира во еден од 4 квалитети на социоемоционалното врзување. Можниот распон на скоровите изнесува од 9 до 63 кај секоја скала . Во однос на вкупниот скор на тестот, опсегот на можни скорови се движи од 18- 126, при што понизок скор укажува на поголем степен на сигурно врзување, а повисок скор укажува на понизок степен на сигурно врзување, односно повисок степен на несигурно врзување. За потребите на ова истражување, оваа варијабла беше дихотмозирана и категоризирана во две основни категории:

а) *Сигурно врзани испитаници-* Во оваа група влегоа испитаниците на кои збирниот скор од скоровите на скалата за анксиозност и на скалата за избегнување им беше понизок од теоретскиот среден скор на целиот тест

б) *Несигурно врзани испитаници-* Во оваа група влегоа испитаниците на кои збирниот скор од скоровите на скалата за анксиозност и на скалата за избегнување им беше повисок од теоретскиот среден скор на целиот тест

**2. Скала за проценка на индексот за проценка на интерперсоналната реактивност констуиран од Дејвис во 1983 година** (Interpersonal Reactivity Index-IRI). Варијаблата емпатија во ова истражување се мери со помош на инструментот на интерперсонална реактивност (Interpersonal Reactivity Index-IRI), конструиран од Дејвис во 1983 година. Инструментот е применет на наша популација во докторската дисертација на Поповски (2000). Составен е од 28 ајтеми, поделени во четири супскали: емпатиска фантазија, заземање туѓо гледиште, емпатиска грижа и лична вознемиреност.

а) Супскалата за *емпатиска фантазија* ја мери тенденцијата на единката имагинативно да се внесе себеси во фиктивни приказни кои се дел од некоја

книга, филм или драма, да се идентификува и да се замисли себеси во истите ситуации во кои се наоѓаат фиктивните ликови.

б) Супскалата за *заземање туѓо гледиште* ја мери тенденцијата на единката спонтано да ја заземе психолошката гледна точка на други единки, како кај “теорија на умот”.

в) Супскалата за *емпатиска грижа* ги мери чувствата на симпатија и грижа насочени кон други единки кои се во неволја и кои манифестираат знаци на вознемиреност.

г) Супскалата за *лична вознемиреност* ја мери тенденцијата на единката да искуси лична вознемиреност во стресни ситуации, односно во ситуации на неволја кога други единки покажуваат знаци на вознемиреност.

Секоја супскала се состои од седум ајтема чии одговори се даваат на петтостепена скала и тоа 0- воопшто не ме опишува, 1- малку ме опишува, 2- делумно ме опишува, 3- многу ме опишува и 4- сосема ме опишува. Одговорите на ајтемите се бодираат од 0 до 4 или од 4 до 0, зависно од тоа дали станува збор за позитивно или негативно тврдење. Скоровите се добиваат со собирање на вредностите на ајтемите за секоја супскала поединечно и се движат во интервал од 0-28. Повисок скор на поединечните скали укажува на повисок степен на присуство на соодветната димензија, а понизок скор укажува на понизок степен на присуство на соодветната димензија. За варијаблата емпатија не се пресметува вкупен скор, туку се заклучува посредно преку четирите димензии. Сите четири субскали имаат индекс на внатрешна релијабилност кој се движи од 0.70 до 0.78.

**3. Скала за проценка на стилот за справување со конфликт во врска (Romantic Conflict Style Scale)** конструиран од страна на Холман и Јарвис во 2003 година (Holman & Jarvis, 2003).

За мерење на стилот за справување со конфликти во врска, се користеше прашалникот скала за проценка на стилот за справување со конфликт (Romantic Conflict Style Scale, Holman & Jarvis, 2003). Овој прашалник претставува ревидирана верзија на Прашалникот за Евалуција на врска (The Relationship Evaluation RELATE questionnaire; Holman, Busby, Doxey, Loyer-Carlson and Klein, 1997) со цел да се операционализира стилот на справување со конфликти во врска. Пршалникот се состои од 16 ајтеми, во вид на изјави за одредено однсување, во врска во кои се бара од испитаникот да оцени со која фрекфенција дадено однесување е пристно во врската со неговиот партнер. Прашањето се одговара на скала од Ликертов тип од 1-5, при што 1 означува никогаш, а 5 – многу често. Овој прашалник мери две основни димензии при однесувањето во конфликтна ситуција во врска: валидација и непријателство. Валидацијата се однесува на степенот во кој се земаат во предвид чувствата и аргументите на партнерот и се сметаат за битни. Оваа карактеристики е показател за функционално однесување, при справување на конфликт во врска, односно за успешно разрешување на конфликтни ситуации. Оваа скала, односно скалата на валидација се состои од 8 ајтеми од кои се бара од испитаникот да каже во која мера таквото однесување е присутно во неговата врска, при што вкупниот опсег на скорови на оваа скала изнесува од 8-40. Добиениот Cronbach alpha коефициент за скалата на валидација изнесува $\alpha = 0.68$.

Скалата непријателство укажува на степенот во кој конфликтите во врската се решаваат на деструктивен начин, полн со навреди и негативни афекти, а оваа димензија е показател на нефункционално однесување, при справување на конфликт во врска, односно за неуспешно разрешување на конфликтни ситуации. Оваа скала, односно скалата на непријателство се состои од 8 ајтеми од кои се бара од испитаникот да каже во која мера таквото однесување е присутно во неговата врска, при што вкупниот опсег на скорови на оваа скала изнесува од 8-40. Добиениот Cronbach alpha коефициент за скалата на непријателство изнесува $\alpha = 0.73$

**4. Скала за проценка на задоволство од врска (The Relationship Assessment Scale-RAS) конструирна од страна на Хендрик, Дик и Хендрик (Hendrick, Dicke & Hendrick, 1998).**

Во овој труд за мерење на задоволството од врската се користеше The Relationship Assessment Scale (RAS) кој е конструиран од страна на Хендрик, Дик и Хендрик (Hendrick, Dicke & Hendrick, 1998). Овој инструмен е прашалник составен од 7 ајтеми кои го мерат генералното задоволство од врската, степенот во кој партнерот ги задоволува потребите на испитаникот, колку е квалитетна врската во споредба со другите или идеалот за добра врска и жалењата кои испитаникот ги има во однос на врската (Hendrick, 1988; Hendrick, et al.,1998). На овој прашалник испитаниците го искажуваат својот степен на согласување со определена изјава на Ликертова скала од 1 до 5, каде 1 означува - целосно сум незадоволен, а 5 означува – целосно сум задоволен. Во однос на метриските карактеристики RAS покажува виска внатрешна конзистентност, при што $\alpha = 0.86$ (Fischer &Corcoran, 1994) и валидност од $\alpha = 0.85$ Doohan&Manusov, 2004; на Shi, 2004; Fisher & Corcoran, 1994; Hendrick et al., 1998).

## 5.3 Постапка

Теренското истражување, односно задавањето на инструментите беше вршено во три наврати на Институтот за психологија, Институтот за социологија и Институтот за безбедност, одбрана и мир, при Филозофскиот факултет во Скопје, во термини за предавања на матичните факултети, во месец декември 2013 година. На почетокот присутните студенти беа известени дека за целите на истражувањето ќе бидат потребни само испитаници кои се во емотивна врска најмалку 6 месеци, па затоа истите беа повикани доброволно да се вклучат во истражувањето. Им беше објаснето дека ќе пополнуваат четири инструменти обележувајќи го својот степен на согласување со тврдењата во нив, при тоа напоменувајќи им дека одговарањето е анонимно и дека нема точни и неточни одговори.

## 5.4 Статистичка обработка на податоците

По внесувањето на добиените сирови податоци тие понатаму беа статистички обработени со статистичкиот софтверски пакет SPSS, верзија 20, за оперативен систем Windows.

Скорот за квалитетот на социо-емоционалното врзување беше пресметан како збирен скор на двете основни димензии (суб-скали) на Прашалникот за проценка на социо-емоционалното врзување: анксиозност и избегнување. Базирано на скорот кој што го добиле на двете скали испитаниците беа категоризирани во две категории. Оние со пониски скорови, односно истовремено ниски скорови на двете скали, кои се наоѓаат под теоретскиот среден скор за скалите се категоризираа како сигурно врзани испитаници, а оние со високи скорови, односно истовремено високи скорови на двете скали, кои се наоѓаат над теоретскиот среден скор за скалите се категоризираа како несигурно врзани испитаници.

Во однос на варијаблата емпатија, за нејзиното присуство кај испитаниците се заклучуваше врз основа на скоровите на нејзините 4 основни димензии: емпатиска фантазија, заземање туѓо гледиште, емпатиска грижа и лична вознемиреност. За секоја од овие димензии се добива скор на континуирана скала. За потребите на ова истражување, секоја димензија на варијаблата емпатија беше вештачки дихотмозирана, при што за секоја димензија засебно испитаниците според добиениот скор беа категоризирани во две категории: испитаници со пониски скорови, кои се наоѓаат под теоретскиот среден скор скалата на секоја димензија, се категоризираа како испитаници со пониско ниво на емпатиска фантазија, заземање туѓо гледиште, емпатиска грижа и лична вознемиреност, додека оние со повисоки скорови, кои се наоѓаат над теоретскиот среден скор на секоја од димензиите, се категоризираа како испитаници со повисоко ниво на емпатиска фантазија, заземање туѓо гледиште, емпатиска грижа и лична вознемиреност (соодветно). За варијаблата емпатија не беше пресметуван вкупен скор, туку за истата се заклучуваше посредно преку четирите димензии.

Во однос на варијаблата стил на справување со конфликти во врска, таа беше пресметана како збирен скор на двете основни димензии на Скалата за романтичен конфликтен стил: валидација и непријателство. За потребите на ова истражување, оваа континуирана варијабла беше вештачки дихотомизирана, при што испитаниците според добиениот скор беа категоризирани две категории. Оние со пониски скорови, кои се наоѓаат под теоретскиот среден скор вкупната скала за стил на справување со конфликти

во врска, се категоризираа како испитаници со помалку успешен стил на справување со конфликти во врска, додека оние со повисоки скорови, кои се наоѓаат над теоретскиот среден скор вкупната скала за стил на справување со конфликти во врска, се категоризираа како испитаници со поуспешен стил на справување со конфликти во врска.

Во однос на варијаблата задоволство од врска, таа беше пресметана како збир од посебните скорови на сите прашања на Скалата за задоволство од врска. Истата за потребите на ова истражување беше користена како континуирана варијабла, при што повисок скор означуваше повисоко задоволство од врска.

На добиените податоци им беше направен дескриптивна анализа, при што се проценија мерките на централна тенденција и мерките на варијабилност, додека за тестирање на истражувачките хипотези, односно за тестирање на разликите помеѓу групите беа користени t-тестот и двонасочната анализа на варијанса.

## 5.5 Резултати

### 5.5.1 Резултати од дескриптивна анализа

Во однос на анализата на прашалниците, се направи дескриптивна анализа на четирите прашалника кои ги опишуваа соодветните варијабли. Кај сите варијабли беше направена анализа на мерките на централна тенденција, односно на аритметичката средина (М), и на мерките на варијабилност, односно на стандардната девијација (SD), приказ на измерениот највисок и најнизок скор, како и опсегот на скорови. Сите дескриптиви се анализираа за целата група, како и посебно според полот на испитаниците.

### 5.5.2 Резултати од дескриптивната анализа на социоемоционалното врзување

Во однос на прашалникот за проценка на квалитетот на социо-емоционалното врзување, најпрвин се анализираше димензијата ***анксиозност***. При дескриптивната анализа на целата група на испитаници се покажа дека средната вредност на групата по однос на оваа варијабла изнесува M=26,51. Ова укажува дека вредностите се наоѓаат под теоретскиот среден скор (M=36), односно целата група на испитаници има тенденција кон ниско ниво на варијаблата анксиозност, што укажува на повисока тенденција кон сигурно врзување. Кај женските испитаници, средната вредност изнесува M=27,15, а кај машките испитаници средната вредност изнесува M= 25,74. Генерално, сите испитаници имаат тенденција кон сигурно врзување во однос на варијаблата анксиозност. Дескриптивните статистици на оваа варијабла се прикажани табеларно во продолжение (Табела 1).

**Табела 1: Дескриптивни статистици на димензијата анксиозност**

| | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цела група** | 9 | 54 | 45 | 26,51 | 8,11 |
| **Женски адолесценти** | 11 | 54 | 43 | 27,15 | 8,56 |
| **Машки адолесценти** | 9 | 47 | 38 | 25,74 | 7,49 |

При дескриптивната анализа на варијаблата ***избегнување***, како втора димензија на социо-емоционалното врзување, се покажа дека средната вредност на групата по однос на

оваа варијабла изнесува М=28,34. Од ова може да се заклучи дека вредностите се наоѓаат под теоретскиот среден скор (М=36), односно дека целата група на испитаници има тенденција кон ниско ниво на варијаблата избегнување, што укажува на повисока тенденција кон сигурно врзување. Кај женските испитаници, средната вредност изнесува М=28,84, а кај машките испитаници средната вредност изнесува М=27,74. Генерално, сите испитаници имаат тенденција кон сигурно врзување во однос на варијаблата избегнување. Дескриптивните статистици на оваа варијабла се прикажани во продолжение (Табела 2).

**Табела 2: Дескриптивни статистици на димензијата анксиозност**

| | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цела група** | 13 | 51 | 38 | 28,34 | 6,43 |
| **Женски адолесценти** | 15 | 51 | 36 | 28,84 | 6,44 |
| **Машки адолесценти** | 13 | 43 | 30 | 27,74 | 6,39 |

Посебните димензии на варијаблата социоемоционално врзување комбинирани заедно ја даваат димензијата ***сигурно/несигурно социоемоционалното врзување***. Колку се пониски скоровите на двете варијабли, толку социо-емоционалното врзување е посигурно и обратно. Дескриптивната анализа на цела група испитаници покажа дека средната вредност на варијаблата социо-емоционално врзување изнесува (М=54,84). Средниот скор на групата се наоѓа под теоретскиот среден скор на оваа варијабла (М=72), што укажува на тоа дека целата група има тенденција кон сигурно социо-емоционално врзување. Во однос на групата женски адолесценти се покажа дека средната вредност на варијаблата социо-емоционално врзување (М=55,99) исто така се наоѓа под средниот теоретски скор, додека кај машките испитаници врзувањето се покажува како уште посигурно, односно средната вредност изнесува М=53,47. Дескриптивните статистици на оваа варијабла се прикажани табеларно во продолжение (Табела 3).

**Табела 3: Дескриптивни статистици на варијаблата социо-емоционално врзување**

| | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|
| Цела група | 34 | 105 | 71 | 54,84 | 12,49 |
| Женски адолесценти | 34 | 105 | 71 | 55,99 | 13,10 |
| Машки адолесценти | 34 | 88 | 54 | 53,47 | 11,63 |

При категоријалната поделба на варијаблата социо-емоционално врзување, се покажа дека 165 (82,5%) лица спаѓаат во групата на сигурно врзани лица (односно имаат ниски скорови во однос на димензиите анксиозност и избегнување), од кои 86 (43%) се женски, а 79 (39,5%) се машки. Од целата група на испитаници 35, односно (17,5%) се несигурно врзани од кои 23 односно (11,5%) се женски, а 12 (6%) се машки. Дескриптивните статистици на категоријалната поделба на оваа варијабла се дадени во продолжение (Табела 4 и Табела 5).

**Табела 4: Дескриптивни статистици на испитаниците со сигурно социо-емоционално врзување**

| | N | Процент | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цела група | 165 | 82,5% | 34 | 63 | 29 | 50,62 | 8,12 |
| Женски адолесценти | 86 | 43% | 34 | 63 | 29 | 50,81 | 7,84 |
| Машки адолесценти | 79 | 39,5% | 34 | 63 | 29 | 50,41 | 8,46 |

**Табела 5: Дескриптивни статистици на испитаниците со несигурно социо-емоционално врзување**

| | N | Процент | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цела група | 35 | 17,5% | 63 | 105 | 42 | 73,30 | 10,10 |
| Женски адолесценти | 23 | 11,5% | 63 | 105 | 42 | 73,92 | 10,58 |
| Машки адолесценти | 12 | 6% | 63 | 88 | 25 | 72,14 | 9,41 |

### 5.5.3 Резултати од дескриптивната анализа на стилот на справување со конфликти во врска

При анализата на прашалникот за проценка на романтичниот конфликтен стил на испитаниците, се анализираа посебно двете негови основни димензии: валидација и непријателство.

За димензијата ***валидација***, се покажа дека средната вредност на групата изнесува M=26,51, односно вредностите се наоѓаат под теоретскиот среден скор (M=27). Од ова може да се заклучи дека целата група испитаници има тенденција кон ниски скорови на валидација, при справување со конфликти во врска. Во однос на женските испитаници, средната вредност изнесува M=25,69, а кај машките испитаници таа изнесува M=26,80. Дескриптивните статистици на оваа варијабла се прикажани табеларно во продолжение (Табела 6).

**Табела 6: Дескриптивни статистици на димензијата валидација кај стилот на справување со конфликти во врска**

| | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цела група** | 14 | 34 | 20 | 26,51 | 3,74 |
| **Женски адолесценти** | 14 | 34 | 20 | 25,69 | 3,50 |
| **Машки адолесценти** | 17 | 34 | 17 | 26,80 | 3,95 |

При дескриптивната анализа на димензијата ***непријателство***, се покажа дека средната вредност на групата изнесува M=24,68, односно вредностите се наоѓаат над теоретскиот среден скор (M=21). Целата група испитаници има тенденција кон високи скорови на непријателство при справување со конфликти во врска. Кај женските испитаници, средната вредност изнесува M=24,49, а кај машките испитаници таа изнесува M=24,92. Дескриптивните статистици на оваа варијабла се прикажани табеларно во продолжение (Табела 7).

**Табела 7: Дескриптивни статистици на димензијата непријателство кај стилот на справување со конфликти во врска**

| | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цела група** | 12 | 33 | 21 | 24,68 | 4,42 |
| **Женски адолесценти** | 12 | 33 | 21 | 24,49 | 4,42 |
| **Машки адолесценти** | 15 | 33 | 18 | 24,92 | 4,44 |

При дескриптивната обработка на варијаблата ***стил на справување со конфликти во врска***, кој се добива како заеднички скор од димензиите валидација и непријателство, се покажа дека средната вредност на групата изнесува M=50,88, односно вредностите се наоѓаат над теоретскиот среден скор (M=48). Кај женските испитаници, средната вредност изнесува M=50,18, а кај машките таа изнесува M=51,71. Дескриптивите на оваа варијабла се прикажани табеларно во продолжение (Табела 8).

**Табела 8: Дескриптивни статистици на варијаблата стил на справување со конфликти во врска**

| | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цела група** | 35 | 63 | 28 | 50,88 | 5,68 |
| **Женски адолесценти** | 35 | 63 | 28 | 50,18 | 5,68 |
| **Машки адолесценти** | 39 | 63 | 24 | 51,71 | 5,60 |

Во однос на категоријалната поделба на варијаблата стил на справување со конфликти во врска, се покажа дека 139 (69,5%) лица спаѓаат во групата на лица кои имаат успешен стил на справување со конфликти во врска, од кои 71 (35,5%) се женски,

68 (34%) се машки. Од целата група испитаници 61 (30,5%) имаат помалку успешен стил на справување со конфликти во врска од кои 38 (19%) се женски, а 23 (11,5%) се машки. Дескриптивните статистици на категоријалната поделба на оваа варијабла се дадени во продолжение (Табела 9 и Табела 10).

**Табела 9: Дескриптивни статистици на испитаниците со позитивен стил на справување со конфликти во врска**

| | | N | Процент | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цела група** | | 139 | 69,5% | 49 | 62 | 13 | 53,49 | 3,34 |
| **Женски адолесценти** | | 71 | 35,5% | 49 | 62 | 13 | 54,09 | 4,10 |
| **Машки адолесценти** | | 68 | 34% | 49 | 62 | 13 | 53,78 | 3,73 |

**Табела 10: Дескриптивни статистици на испитаниците со негативен стил на справување со конфликти во врска**

| | N | Процент | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цела група** | 61 | 30,5% | 37 | 48 | 11 | 44,26 | 3,31 |
| **Женски адолесценти** | 38 | 19% | 37 | 48 | 11 | 44,00 | 3,58 |
| **Машки адолесценти** | 23 | 11,5% | 39 | 48 | 9 | 44,69 | 2,83 |

## 5.5.4 Резултати од дескриптивната анализа на интерперсонална реактивност

Кај прашалникот за проценка на степенот на интерперсонална реактивност на испитаниците- емпатија, се анализираа посебно четирите димензии на оваа варијабла, при што повисок скор укажуваше на повисоко присуство на дадената димензија.

А) Во однос на димензијата ***емпатиска фантазија*** се покажа дека средната вредност за сите испитаници изнесува М=15,71, односно вредностите се наоѓаат над теоретскиот среден скор (М=14). Средната вредност на оваа димензија кај женските испитаници изнесува М=16,43, додека кај машките испитаници изнесува М=14,85. Дескриптивни статистици на оваа варијабла се прикажани табеларно во продолжение (Табела 11).

**Табела 11: Дескриптивни статистици на варијаблата емпатиска фантазија**

| | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цела група** | 5 | 27 | 22 | 15,71 | 4,94 |
| **Женски адолесценти** | 5 | 27 | 22 | 16,43 | 4,94 |
| **Машки адолесценти** | 5 | 26 | 21 | 14,85 | 4,82 |

Во однос на категоријалната поделба на димензијата ***емпатиска фантазија***, се покажа дека 122 (61%) лица имаат повисоко ниво на емпатиска фантазија, од кои 73 (36,5%) се женски, а 49 (24,5%) се машки. Од целата група испитаници 78 (39%) се лица со пониско ниво на емпатиска фантазија, од кои 36 (18%) се женски, а 42 (21%) се машки. Дескриптивните статистици на категоријалната поделба на оваа димензија на варијаблата емпатија се дадени во продолжение (Табела 12 и Табела 13).

**Табела 12: Дескриптивни статистици на испитаниците кои имаат повисока емпатиска фантазија**

| | N | Процент | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цела група** | 122 | 61% | 15 | 27 | 12 | 18,99 | 3,29 |
| **Женски адолесценти** | 73 | 36,5% | 15 | 27 | 12 | 19,38 | 3,30 |
| **Машки адолесценти** | 49 | 24,5% | 15 | 26 | 11 | 18,43 | 3,23 |

**Табела 13: Дескриптивни статистици на испитаниците кои имаат пониска емпатиска фантазија**

| | N | Процент | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цела група** | 78 | 39% | 5 | 14 | 9 | 10,89 | 2,28 |
| **Женски адолесценти** | 36 | 18% | 5 | 14 | 9 | 11,13 | 2,18 |
| **Машки адолесценти** | 42 | 21% | 5 | 14 | 9 | 10,67 | 2,38 |

**Б)** При анализата на димензијата ***заземање туѓо гледиште*** се покажа дека средната вредност за сите испитаници изнесува M=17,19, односно вредностите се наоѓаат над теоретскиот среден скор (M=14). Средната вредност на оваа димензија кај женските испитаници изнесува M=17,17, додека кај машките испитаници изнесува M=17,21. Дескриптивни статистици на оваа варијабла се прикажани табеларно во продолжение (Табела 14).

**Табела 14: Дескриптивни статистици на варијаблата заземање туѓо гледиште**

| | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цела група** | 8 | 28 | 10 | 17,19 | 3,86 |
| **Женски адолесценти** | 8 | 28 | 10 | 17,17 | 3,73 |
| **Машки адолесценти** | 8 | 28 | 10 | 17,21 | 4,02 |

Во однос на категоријалната поделба на димензијата ***заземање туѓо гледиште***, се покажа дека 154 (77%) лица имааат повисоко ниво на заземање туѓо гледиште, од кои 87 (43,5%) се женски, а 67 (33,5%) се машки. Од целата група испитаници 46 (23%) се лица со пониско ниво на заземање туѓо гледиште, од кои 22 (11%) се женски, а 24

(12%) се машки. Дескриптивни статистици на категоријалната поделба на оваа димензија се дадени во продолжение (Табела 15 и Табела 16).

**Табела 15: Дескриптивни статистици на испитаниците кои имаат повисоко заземање туѓо гледиште**

| | N | Процент | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цела група** | 154 | 77,0% | 15 | 28 | 13 | 18,70 | 2,89 |
| **Женски адолесценти** | 87 | 43,5% | 15 | 28 | 13 | 18,49 | 2,80 |
| **Машки адолесценти** | 67 | 33,5% | 15 | 26 | 11 | 18,97 | 3,01 |

**Табела 16: Дескриптивни статистици на испитаниците кои имаат пониско заземање туѓо гледиште**

| | N | Процент | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цела група** | 46 | 23% | 8 | 14 | 6 | 12,11 | 1,77 |
| **Женски адолесценти** | 22 | 11% | 8 | 14 | 6 | 11,91 | 1,78 |
| **Машки адолесценти** | 24 | 12% | 8 | 14 | 6 | 12,29 | 1,23 |

**В)** Кај димензијата ***емпатиска грижа*** се покажа дека средната вредност за сите испитаници изнесува M=18,19, односно вредностите се наоѓаат над теоретскиот среден скор (M=14). Средната вредност на оваа димензија кај женските испитаници изнесува M=18,66, додека кај машките испитаници изнесува M=17,63. Дескриптивните статистици на оваа варијабла се прикажани табеларно во продолжение (Табела 17).

**Табела 17: Дескриптивни статистици на варијаблата емпатиска грижа**

| | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цела група** | 6 | 28 | 22 | 18,19 | 4,74 |
| **Женски адолесценти** | 6 | 28 | 22 | 18,66 | 4,478 |
| **Машки адолесценти** | 6 | 28 | 22 | 17,63 | 5,00 |

Во однос на категоријалната поделба на димензијата ***емпатиска грижа,*** се покажа дека 158 (78,5%) лица имаат повисоко ниво на емпатиска грижа, од кои 92

(46%) се женски, а 66 (33%) се машки. Од целата група испитаници 42 (21,5%) се лица со пониско ниво на емпатиска грижа, од кои 17 (8,5%) се женски, а 25 (12,5%) се машки. Дескриптивните статистици на категоријалната поделба на оваа димензија се дадени во продолжение (Табела 18 и Табела 19).

**Табела 18: Дескриптивни статистици на испитаниците кои имаат повисока емпатиска грижа**

| | N | Процент | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цела група** | 158 | 79% | 15 | 28 | 13 | 19,96 | 3,50 |
| **Женски адолесценти** | 92 | 46% | 15 | 28 | 13 | 19,97 | 3,44 |
| **Машки адолесценти** | 66 | 33% | 15 | 28 | 13 | 19,94 | 3,61 |

**Табела 19: Дескриптивни статистици на испитаниците кои имаат пониска емпатиска грижа**

| | N | Процент | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цела група** | 42 | 21 % | 6 | 14 | 8 | 11,57 | 2,23 |
| **Женски адолесценти** | 17 | 8,5% | 6 | 14 | 8 | 11,65 | 2,26 |
| **Машки адолесценти** | 25 | 12,5% | 6 | 14 | 8 | 11,52 | 2,25 |

**Г)** При дескриптивната анализа на димензијата ***лична вознемиреност*** се покажа дека средната вредност на сите испитаници по однос на оваа варијабла изнесува M=13,95, односно вредностите се наоѓаат нешто пониско од теоретскиот среден скор (M=14). Средната вредност на оваа димензија кај женските испитаници изнесува M=14,49 што е над теоретскиот среден скор, додека кај машките испитаници изнесува M=13,30 што е под теоретскиот среден скор. Дескриптивни статистици на оваа варијабла се прикажани табеларно во продолжение (Табела 20).

**Табела 20: Дескриптивни статистици на варијаблата лична вознемиреност**

| | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цела група** | 0 | 25 | 25 | 13,95 | 4,58 |
| **Женски адолесценти** | 5 | 25 | 20 | 14,49 | 4,41 |
| **Машки адолесценти** | 0 | 25 | 25 | 13,30 | 4,72 |

При категоријалната поделба во однос на димензијата ***лична вознемиреност,*** се покажа дека 85 (42,5%) лица имаат повисоко ниво на лична вознемиреност, од кои 51 (25%) се женски, а 34 (17%) се машки. Од целата група испитаници 115 (57,5%) се лица со пониско ниво на лична вознемиреност, од кои 58 (29%) се женски, а 57 (28,5%) се машки. Дескриптивните статистици на категоријалната поделба на оваа димензија се дадени во продолжение (Табела 21 и Табела 22).

**Табела 21: Дескриптивни статистици на испитаниците кои имаат повисока лична вознемиреност**

| | N | Процент | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цела група** | 85 | 42,5% | 15 | 25 | 10 | 18,00 | 2,44 |
| **Женски адолесценти** | 51 | 25% | 15 | 25 | 10 | 18,24 | 2,29 |
| **Машки адолесценти** | 34 | 17% | 15 | 23 | 8 | 17,65 | 2,65 |

**Табела 22: Дескриптивни статистици на испитаниците кои имаат пониска лична вознемиреност**

| | N | Процент | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цела група** | 115 | 57,5% | 0 | 14 | 14 | 10,95 | 3,30 |
| **Женски адолесценти** | 58 | 29% | 5 | 14 | 11 | 11,19 | 2,93 |
| **Машки адолесценти** | 57 | 28,5% | 0 | 14 | 14 | 10,70 | 3,65 |

## 5.5.5 Резултати од дескриптивна анализа на задоволство од врска

Последната варијабла дескриптивно се анализираше преку прашалникот за проценка на задоволството од врската на испитаниците. Во овој дел се анализираа одговорите на испитаниците како вкупен скор на Скалата за задоволство од врската, при што повисок скор укажуваше на повисоко присуство на дадената димензија.

Кај димензијата ***задоволство од врската*** се покажа дека средната вредност на сите испитаници изнесува M=25,98, односно вредностите се наоѓаат над теоретскиот среден скор (M=21). Средната вредност на оваа варијабла кај женските испитаници изнесува M=26,00, додека кај машките испитаници изнесува M=25,96. Дескриптивните статистици на оваа варијабла се прикажани табеларно во продолжение (Табела 23).

**Табела 23: Дескриптивни статистици на варијаблата задоволство од врска**

| | Мин. | Макс. | Опсег | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цела група** | 9 | 38 | 29 | 25,98 | 5,31 |
| **Женски адолесценти** | 9 | 34 | 25 | 26,00 | 5,21 |
| **Машки адолесценти** | 12 | 38 | 26 | 25,96 | 5,45 |

## 5.5.6 Резултати од испитување на разликите во задоволство од врска кај испитаниците

Истражувачките хипотези се тестираа со помош на соодветни методи за испитување на разликите помеѓу групите.

1. За тестирање на **Хипотезата 1,** односно за тестирање на тврдењето дека *адолесцентките се позадоволни од романтичната врска од адолесцентите*, се користеше t-тестот за големи и независни примероци. Од анализата се покажа дека не постои значајна разлика помеѓу машките и женските адолесценти (**t**=0,059, **p**=0,953; **p**>0,05). Резултатите од оваа анализа се дадени во Табела 24.

**Табела 24: Вредности на t-тест за разлики во задоволството од врската помеѓу адолесцентките и адолесцентите**

| Пол | N | M | SD | Разлика | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Женски** | 109 | 26,00 | 5,21 | 0,04 | 0,059 | 198 | 0,953 |
| **Машки** | 91 | 25,96 | 5,45 | | | | |

**2.**За тестирање на **Хипотезата 2,** односно за тестирање на тврдењето дека *сигурно социо-емоционално врзаните адолесценти и адолесцентки се позадоволни од романтичната врска од несигурно социо-емоционално врзаните адолесценти и адолесцентки,* се користеше двонасочна анализа на варијанса. При тоа, освен главниот ефект на социо-емоционалното врзување, се провери и значајноста на интеракцискиот ефект на полот и социо-емоционаното врзување во однос на задоволството од врската.

За испитување на главниот ефект на социо-емоционално врзување, испитаниците беа поделени во две групи, сигурно социо-емоционално врзани (M=26,11; SD=5,34) и несигурно социо-емоционално врзани (M=25,35; SD=5,17), при што анализата на варијансата покажа дека нема статистички значајна разлика во задоволството од врската помеѓу овие две групи на испитаници [$F(1,198)=1,351$, $p=0,247$; $p>0,05$]. При испитувањето на интеракцискиот ефект на полот и социо-емоционалното врзување врз задоволството од врска, повторно се покажа дека овој ефект не е доволно голем за да биде статистички значаен, односно се покажа дека *нема разлика во задоволството од врската кај сигурно и несигурно врзаните испитаници, без оглед на кој пол му припаѓаат* [$F(1,198)= 2,757$, $p=0,098$; $p>0,05$]. Резултатите од спроведената двонасочна анализа на варијанса се дадени во продолжение во Табела 25 и Табела 26.

**Табела 25: Дескритиптивни статистици на квалитетот на социо-емоционалното врзување кај адолесцентки и адолесценти и задоволството од врска**

| Пол | Социо-емоционално врзување | M на задоволството од врска | SD | N |
|---|---|---|---|---|
| **Женски** | Сигурно врзани | 25,89 | 5,49 | 86 |
| | Несигурно врзани | 26,41 | 4,06 | 23 |
| | **Вкупно женски** | 26,00 | 5,21 | 109 |
| **Машки** | Сигурно врзани | 26,35 | 5,20 | 79 |
| | Несигурно врзани | 23,42 | 6,52 | 12 |
| | **Вкупно машки** | 25,96 | 5,45 | 91 |
| **Вкупно** | Сигурно врзани | 26,11 | 5,34 | 165 |
| | Несигурно врзани | 25,35 | 5,17 | 35 |
| | **Вкупно** | 25,98 | 5,30 | 200 |

**Табела 26: : Разлики во задоволството од врската кај сигурно и несигурно врзани адолесценти во зависност од полот**

| Извор на варирање | SS | df | MS | F | p |
|---|---|---|---|---|---|
| *Пол* | 41,722 | 1 | 41,722 | 1,485 | 0,224 |
| *Социо-емоционално врзување* | 37,961 | 1 | 37,961 | 1,351 | 0,247 |
| *Интеракциски ефект (Пол x Социо-емоционално врзување)* | 77,445 | 1 | 77,445 | 2,757 | 0,098 |
| *Во групи* | 5337,791 | 195 | 28,094 | | |
| *Вкупно* | 136368,000 | 198 | | | |

1. За тестирање на **Хипотезата 3,** односно за тестирање на тврдењето дека *поемпатичните адолесценти и адолесцентки се позадоволни од романтичната врска од помалку емпатичните адолесценти и адолесцентки,* се користеше двонасочна анализа на варијанса. При тоа, освен главниот ефект на емпатијата во однос на задоволството од врската, се провери и значајноста на интеракцискиот ефект на полот и емпатијата во однос на задоволството од врската.

За емпатијата се заклучуваше преку анализа на нејзите основни 4 суб-димензии:

За испитување на главниот ефект на димензијата ***емпатиска фантазија***, испитаниците беа поделени во две групи, испитаници со повисока емпатиска фантазија

(M=26,56; SD=5,31) и со пониска емпатиска фантазија (M=25,08; SD=5,20), при што анализата на варијансата покажа *дека нема статистички значајна разлика во задоволството од врската помеѓу овие две групи на испитаници* [F(1,198)=3,449, p=0,065; p>0,05]. Во однос на интеракцискиот ефект на полот и емпатиската фантазија врз задоволството од врска, се покажа дека овој ефект не е доволно голем за да биде статистички значаен, односно дека *нема разлика во задоволството од врската помеѓу адолесцентите со повисока и адолесцентите со пониска емпатиска фантазија, без оглед на кој пол му припаѓаат*, [F(1,198)=2,988, p=0,086; p>0,05]. Резултатите од спроведената двонасочна анализа на варијанса се дадени во продолжение во Табела 27 и Табела 28.

**Табела 27: Дескриптивни статистици на емпатиска фантазија кај адолесцентки и адолесценти**

| Пол | Емпатиска фантазија | M на задоволството од врска | SD | N |
|---|---|---|---|---|
| **Женски** | Повисока | 26,96 | 5,27 | 73 |
| | Пониска | 24,17 | 4,61 | 36 |
| | **Вкупно женски** | 26,00 | 5,21 | 109 |
| **Машки** | Повисока | 26,00 | 5,37 | 49 |
| | Пониска | 25,90 | 5,61 | 42 |
| | **Вкупно машки** | 25,96 | 5,45 | 91 |
| **Вкупно** | Повисока | 26,56 | 5,31 | 121 |
| | Пониска | 25,08 | 5,20 | 79 |
| | **Вкупно** | 25,98 | 5,31 | 200 |

**Табела 28: Разлики во задоволството од врската кај адолесценти со повисока и пониска емпатиска фантазија во зависност од полот**

| Извор на варирање | SS | df | MS | F | p |
|---|---|---|---|---|---|
| *Пол* | 6,882 | 1 | 6,882 | 0,249 | 0,618 |
| *Емпатиска фантазија* | 95,248 | 1 | 95,248 | 3,449 | 0,065 |
| *Интеракциски ефект (Пол x Емпатиска фантазија)* | 82,521 | 1 | 82,521 | 2,988 | 0,086 |
| *Во групи* | 5247,470 | 190 | 27,618 | | |
| *Вкупно* | 5431,918 | 193 | 5431,918 | | |

За испитување на главниот ефект на димензијата **заземање туѓо гледиште**, испитаниците повторно беа поделени во две групи, оние кои имаат повисоко ниво на заземање туѓо гледиште (M=26,07; SD=5,10) и оние со пониско ниво на заземање туѓо гледиште (M=25,66; SD=6,01), при што анализата на варијансата покажа дека *нема статистички значајна разлика во задоволството од врската помеѓу овие две групи на испитаници* [F(1,198)= 0,244; p=0,622; p>0,05]. При проверката на интеракцискиот ефект на полот во однос на влијанието на заземањето туѓо гледиште врз задоволството од врска, се покажа дека овој ефект не е доволно голем за да биде статистички значаен, односно дека *нема разлика во задоволството од врската помеѓу адолесцентите со повисоко ниво на -заземање туѓо гледиште и адолесцентите со пониско ниво на заземање туѓо гледиште-, без оглед на кој пол му припаѓаат*, [F(1,198)= 1,256; p=0,264; p>0,05]. Резултатите од спроведената двонасочна анализа на варијанса се дадени во продолжение во Табела 29 и Табела 30.

**Табела 29: Дескриптивни статистици на заземање туѓо гледиште кај адолесцентки и адолесценти**

| Пол | Заземање туѓо гледиште | M на задоволството од врска | SD | N |
|---|---|---|---|---|
| **Женски** | Повисоко | 26,28 | 5,06 | 87 |
| | Пониско | 24,80 | 5,76 | 22 |
| | **Вкупно женски** | 26,00 | 5,21 | 109 |
| **Машки** | Повисоко | 25,80 | 5,17 | 67 |
| | Пониско | 26,38 | 6,24 | 24 |
| | **Вкупно машки** | 25,96 | 5,45 | 91 |
| **Вкупно** | Повисоко | 26,07 | 5,10 | 154 |
| | Пониско | 25,66 | 6,01 | 46 |
| | **Вкупно** | 25,98 | 5,31 | 200 |

**Табела 30: Разлики во задоволството од врската кај адолесценти со повисоко и пониско заземање на туѓо гледиште во зависност од полот**

| Извор на варирање | SS | df | MS | F | p |
|---|---|---|---|---|---|
| *Пол* | 10,048 | 1 | 10,048 | 0,354 | 0,552 |
| *Заземање туѓо гледиште* | 6,929 | 1 | 6,929 | 0,244 | 0,622 |
| *Интеракциски ефект (Пол* x **Заземање туѓо гледиште)** | 35,624 | 1 | 35,624 | 1,256 | 0,264 |
| *Во групи* | 5390,449 | 190 | 28,371 | | |
| *Вкупно* | 136368,00 | 194 | | | |

За тестирање на главниот ефект на димензијата -**емпатиска грижа,** испитаниците беа поделени во две групи, испитаници со повисока емпатиска грижа (M=26,32; SD=5,20) и испитаници со пониска емпатиска грижа (M=24,66; SD=5,62), при што анализата на варијансата покажа дека *постои статистички значајна разлика во задоволството од врската помеѓу овие две групи на испитаници.* Од овој наод може да се заклучи дека испитаниците со повисока емпатиска грижа се позадоволни од романтичната врска од оние кои имаат пониско ниво на емпатиска грижа [$F(1,198)= 4,474$; $p=0,036$; $p<0,05$]. Во однос на интеракцискиот ефект на полот и емпатиската грижа врз задоволството од врска, се покажа дека овој ефект е доволно голем за да биде статистички значаен, односно дека *адолесцентките со повисоко ниво на емпатиска грижа се позадоволни од романтичната врска од адолесцентите со повисоко ниво на емпатиска грижа, додека адолесцентките со пониско ниво на емпатиска грижа се еднакво задоволни од романтичната врска како и адолесцентите со пониско ниво на емпатиска грижа,* [$F(1,198)= 6,778$, $p=0,010$; $p<0,01$]. Резултатите од спроведената двонасочна анализа на варијанса се дадени во продолжение во Табела 31 и Табела 32.

**Табела 31: Дескриптивни статистици на емпатиска грижа кај адолесцентки и адолесценти**

| Пол | Емпатиска грижа | M на задоволството од врска | SD | N |
|---|---|---|---|---|
| **Женски** | Повисока | 26,69 | 4,93 | 92 |
| | Пониска | 22,13 | 5,38 | 17 |
| | **Вкупно женски** | 26,03 | 5,22 | 109 |
| **Машки** | Повисока | 25,83 | 5,55 | 66 |
| | Пониска | 26,30 | 5,24 | 25 |
| | **Вкупно машки** | 25,96 | 5,45 | 91 |
| **Вкупно** | Повисока | 26,32 | 5,20 | 158 |
| | Пониска | 24,66 | 5,62 | 42 |
| | **Вкупно** | 25,99 | 5,31 | 200 |

**Табела 32: Разлики во задоволството од врската кај адолесценти со повисока и пониска емпатиска грижа во зависност од полот**

| Извор на варирање | SS | Df | MS | F | p |
|---|---|---|---|---|---|
| *Пол* | 80,680 | 1 | 80,680 | 2,959 | 0,087 |
| *Емпатиска грижа* | 121,985 | 1 | 121,985 | 4,474 | 0,036 |
| *Интеракциски ефект (Пол x Емпатиска грижа)* | 184,801 | 1 | 184,801 | 6,778 | 0,010 |
| *Во групи* | 5152,961 | 189 | 27,264 | | |
| *Вкупно* | 135839,000 | 193 | | | |

За испитување на главниот ефект на димензијата **лична вознемиреност**, испитаниците беа поделени во две групи, испитаници со повисока лична вознемиреност (M=26,42; SD=5,49) и испитаници со пониска лична вознемиреност (M=25,65; SD=5,16), при што анализата на варијансата покажа дека нема статистички значајна разлика во задоволството од врската помеѓу овие две групи на испитаници [F(1,198)= 0,735, p=0,392; p>0,05]. Кај испитувањето на интеракцискиот ефект на полот и лична вознемиреност врз задоволството од врска, се покажа дека овој ефект не е доволно голем за да биде статистички значаен, односно дека *нема разлика во задоволството од врската помеѓу адолесцентите со повисока и адолесцентите со пониска лична вознемиреност, без оглед на кој пол му припаѓаат,* [F(1,198)= 1,571; p=0,212; p>0,05]. Резултатите од

спроведената двонасочна анализа на варијанса се дадени во продолжение во Табела 33 и Табела 34.

**Табела 33: Дескриптивни статистици на лична вознемиреност кај адолесцентки и адолесценти**

| Пол | Лична вознемиреност | M на задоволството од врска | SD | N |
|---|---|---|---|---|
| **Женски** | Повисока | 26,86 | 5,50 | 51 |
| | Пониска | 25,22 | 4,84 | 58 |
| | **Вкупно женски** | 26,00 | 5,21 | 109 |
| **Машки** | Повисока | 25,76 | 5,50 | 34 |
| | Пониска | 26,07 | 5,46 | 57 |
| | **Вкупно машки** | 25,96 | 5,45 | 91 |
| **Вкупно** | Повисока | 26,42 | 5,49 | 85 |
| | Пониска | 25,65 | 5,16 | 115 |
| | **Вкупно** | 25,98 | 5,31 | 200 |

**Табела 34: Разлики во задоволството од врската кај адолесценти со повисока и пониска лична вознемиреност во зависност од нивниот пол**

| Извор на варирање | SS | df | MS | F | p |
|---|---|---|---|---|---|
| *Пол* | 0,676 | 1 | 0,676 | 0,024 | 0,877 |
| *Лична вознемиреност* | 20,740 | 1 | 20,740 | 0,735 | 0,392 |
| *Интеракциски ефект (Пол x Лична вознемиреност)* | 44,324 | 1 | 44,324 | 1,571 | 0,212 |
| *Во групи* | 5359,229 | 190 | 28,206 | | |
| *Вкупно* | 136368,00 | 194 | | | |

4. За тестирање на **Хипотезата 4,** односно за тестирање на тврдењето дека *адолесцентите и адолесцентките со поуспешен стил на справување со конфликти во врска се позадоволни од романтичната врска од адолесцентите и адолесцентките со помалку успешен стил на справување со конфликти во врска,* се користеше двонасочна анализа на варијанса. При тоа, освен главниот ефект на стилот на справување со конфликти во врска во однос на задоволството од врската, се провери и значајноста на интеракцискиот ефект на полот и емпатијата во однос на задоволството од врската.

При тестирање на главниот ефект на варијаблата **романтичен конфликтен стил**, испитаниците беа поделени во две групи, испитаници со успешен стил на справување со конфликти во врска (M=26,94; SD=4,76749) и испитаници со помалку успешен стил на справување со конфликти во врска (M=23,7414; SD=5,85). Анализата на варијансата покажа дека постои статистички значајна разлика во задоволството од врската помеѓу овие две групи на испитаници. Од овој резултат може да се заклучи дека *адолесцентите и адолесцентките со поуспешен стил на справување со конфликти во врска се позадоволни од романтичната врска од адолесцентите и адолесцентките со помалку успешен стил на справување со конфликти во врска.* [F(1,198)= 15,397; p=0,000; p<0,01].

Кај анализата на интеракцискиот ефект на полот и стилот на справување со конфликти во врска врз задоволството од врска, се покажа дека овој ефект не е доволно голем за да биде статистички значаен, односно дека *нема разлика во задоволството од врската помеѓу адолесцентите со поуспешен стил на справување со конфликти во врска и адолесцентите со помалку поуспешен стил на справување со конфликти во врска, без оглед на кој пол му припаѓаат* [F(1,198)=0,003, p=0,955;p>0,05]. Резултатите од спроведената двонасочна анализа на варијанса се дадени во продолжение во Табела 35 и Табела 36.

**Табела 35: Дескриптивни статистици на варијаблата стил на справување со конфликти во врска кај адолесцентки и адолесценти**

| Пол | Стил на справување со конфликт во врска | M на задоволството од врска | SD | N |
|---|---|---|---|---|
| **Женски** | Неуспешен стил | 23,83 | 6,09 | 38 |
| | Успешен стил | 27,09 | 4,36 | 71 |
| | **Вкупно женски** | 26,00 | 5,21 | 109 |
| **Машки** | Неуспешен стил | 23,61 | 5,59 | 23 |
| | Успешен стил | 26,77 | 5,19 | 68 |
| | **Вкупно машки** | 25,96 | 5,45 | 91 |
| **Вкупно** | Неуспешен стил | 23,74 | 5,85 | 61 |
| | Успешен стил | 26,94 | 4,77 | 139 |
| | **Вкупно** | 25,98 | 5,31 | 200 |

**Табела 36: Разлики во задоволството од врската кај адолесценти со успешен и неуспешен стил на справување со конфликти во врска во зависност од нивниот пол**

| Извор на варирање | SS | df | MS | F | p |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Пол*** | 2,798 | 1 | 2,798 | 0,106 | 0,745 |
| ***Конфликтен стил*** | 406,274 | 1 | 406,274 | 15,397 | 0,000** |
| ***Интеракциски ефект (Пол x Конфликтен стил)*** | 0,085 | 1 | 0,085 | 0,003 | 0,955 |
| ***Во групи*** | 5013,526 | 195 | 26,387 | | |
| ***Вкупно*** | 136368,000 | 198 | | | |

# 6. Дискусија

Основната идеја на овој труд беше да се утврдат факторите на задоволството од врската кај адолесценти, односно да се утврди на кој начин полот, квалитетот на социо-емоционалното врзување, стилот на справување со врска и степенот на емпатија влијаат врз задоволството од врската. Во продолжение ќе бидат разгледани сите фактори поединечно.

## 6.1 Дискусија на резултатите за поврзаност на полот со задоволството од врска

При тестирањето на оваа хипотеза, се направи споредба помеѓу машките и женските испитаници во однос на нивното задоволство од врска, при што се покажа дека не постои статистички значајна разлика помеѓу групите, односно дека нема разлика во задоволството од врската помеѓу адолесцентите и адолесцентките (**t**=0,059; **p**=0,953; **p**>0,05), ***со што се отфрла оваа хипотеза.***

Од делот на релевантните истражувања кои што беа претходно споменати и се користеа за да ги објаснат половите разлики, поголемиот дел од нив исто така ги потврдуваат и резултатите во ова истражување. Во едно истражување (www.relationships.org.au) седумдесет и пет двојки (75 мажи и 75 жени) кои биле во долготрајна врска или брачен однос, биле регрутирани во градското подрачје на Мелбурн преку курсеви за образование во врските на Центарот „Две Австралии" - едукација и советувалиште. Учесниците во овие курсеви биле на возраст 19-73 години, а над 95% од учесниците биле Англо-Австралијци. Шеесет и два проценти биле во брак, додека остатокот од паровите биле во романтични врски . Должината на нивните врски се движела од 10 месеци до 50 години и 6 месеци, со средна вредност од 15,04 години. Истражувањето имало за цел да испита дали кај паровите постои разлика во перцепциите на стилот на поврзување, обезбедување на поддршка на партнерот, доверба, решавањето на конфликти при комуникација, интимност и задоволство во врска, при што биле тестирани разликите меѓу средната вредност на оценките на овие фактори за мажи во споредба со жените. Исто така, испитувано е дали перцепциите кај мажите и жените се разликувале како резултат на врската, во однос на должина и во однос на статус (на пример, врска наспроти брак). Истражувањето покажало дека нема значајни разлики помеѓу мажите и жените. Мажите и жените пријавиле ниско ниво на несигурност како стил на приврзаност, заедно со анксиозноста и избегнувањето кои паднале под средната точка на опсегот на скалата. Слично на тоа, и мажите и жените пријавиле мала употреба на деструктивен конфликт во начинот на комуникација. Спротивно на тоа, двојките пријавиле високи нивоа на обезбедување на поддршка на партнерот, доверба и интимност, и умерен однос на задоволство. При испитувањето на ефектите на врската, должина и статусот на овие променливи варијабли, тие открриле три значајни асоцијации. Прво, должината на врската е позитивно поврзана со посветеноста и за мажите и за жените. Второ, односот на статусот, е исто така позитивно корелиран со заложбата и за мажите и жените, што укажува на тоа дека и за двата пола, посветеноста била повисока за бракот во споредба со невенчаните парови. Исто така, било водено сметка за секоја двојка во однос на должината на врската. На пример: романтични партнери, кои биле заедно за само 10 месеци, покажуваат поголеми разлики во однос на перцепциите и ставовите во споредба со паровите кои биле заедно 20 или повеќе години. Оваа корелација и анализа открива дека разликите меѓу перцепциите кај партнерите не биле поврзани ниту со односот, должина или статус на врската.

Во едно друго истражување (Fincham, 1999) во студијата која истражувала како варијаблите од интерес се поврзани една со друга во примерокот 241 машки и женски хетеросексуалците на возраст меѓу 25 и 38 години, анализите откриле силни асоцијации, меѓу автентичноста и стилот на приврзаност, односот на задоволството, интимност, осаменоста и рамноправност. Наодите, исто така, вклучиле значајни разлики кои се однесуваат на автентичноста, односот задоволство, интимност и осаменоста, меѓу учесниците во зависност од видот на врската.

Разбирањето на улогата на половите во конфликт воедно најдобро се постигнува преку анализа на индивидуално ниво, интеракциско и општествено ниво. Во овој труд не се покажа значајна разлика во однос на задоволството од врска кое го имаат адолесцентите и адолесцентките. Причините за ова може да се бараат во неколку извори. Недостатокот на родовите разлики пријавени во оваа студија е во согласност со последните неколку истражувања (пр.Burleson, 2003; според Karantzas, Feeney, Goncalves & McCabe, 2010; Kurdek, 2005; според Karantzas et. al., 2010). Овие резултати се дополнително поддржани од Картаназас и сор.( Karantzas et. al., 2010) во кои авторите развиле и тестирале модел на ниво на врска и ниво на функционалност на истата при што вршеле анализа на податоци на ниво на пар. Во оваа студија, нема значителни разлики пронајдени во односите помеѓу промените за полот. Генерално, ова неодамнешно истражување го поддржува тврдењето дека кога се истражуваат поединци вклучени во задоволување на долгорочни односи (а не, парови или дијади) родовите разлики може да се преценети. Користење дијади или парови во неколку истражувања не успеале да поддржат големи родови разлики.

Две потенцијални причини може да бидат предложени за недостатокот на родовите разлики. Од една страна, квалитетот на врската кај паровите кои на почетокот биле привлечени едни со други поради сличностите кои ги споделуваaат во врска со нивниот однос, верувања, ставови, вредности и начини на однесување, а од друга страна, тоа може да биде дека секој член на парот имал доста поинаков однос на ставови и верувања во текот на раните фази на односот, но со текот на времето, сознанијата и однесувањата на партнери се обединиле.Тие не пронашле докази дека партнерите започнале со различни верувања и ставови во врска со нивните односи, туку двојките се чинело дека споделуваат многу слични ставови уште од почетокот. Ниту, пак, се разликувале помеѓу партнерите во романтична врска од оние во споредба со брачните двојки.

Различните односи, образование и сл. ја потенцираат идејата дека мажите и жените ги гледаат односите поинаку, а тоа е дека, постојат 'неговиот' и 'нејзиниот' поглед на односот. На пример, разлики има во начинот на кој мажите и жените комуницираат во врските. Овие наоди, исто така, ја нагласуваат важноста на сличната природа на мажите и жените кои се вклучени во обврски и трајни односи.

## 6.2 Дискусија на резултатите за поврзаност на социо-емоционалното врзување, полот и задоволството од врска

*Во однос на* хипотезата 2А (*сигурно социо-емоционално врзаните адолесценти и адолесцентки се позадоволни од романтичната врска од несигурно социо-емоционално врзаните адолесценти и адолесцентки) , се направи споредба помеѓу сигурно и несигурно социо-емоционално врзаните адолесценти и адолесцентки, при што се покажа дека нема статистички значајна разлика во задоволството од врскаат помеѓу овие две групи на испитаници[$F(1,198)= 1,351$, $p=0,247$; $p>0,05$],* ***со што се отфрла оваа хипотеза.***

Во таа насока може да се заклучи дека сигурно социо-емоционално врзаните адолесценти и адолесцентки не се позадоволни од романтичната врска од несигурно социо-емоционално врзаните адолесценти и адолесцентки.

Причините за претпоставката за поврзаноста на социо-емоционалното врзување со задоволството од врската лежат во базичната претпоставка дека социо-емоционалното врзување кое се искусува во возрасните романтични врски во голема мера е предодредено од квалитетот на социо-емоционалното врзување кое се создало во детството. Постојат голем број на наоди и теории кои го поткрепуваат ова тврдење. Над 70% од адолесцентите пријавиле дека биле вклучени во романтична врска во изминатите 18 месеци на возраст од 18 години (Craver, Dzoner & Udry, 2003; според Cramer, 2006). Освен тоа, адолесцентите, исто така, ги сметаат романтични односи како еден од своите најзначајни и влијателни односи (Adams, Laursen & Wilder, 2001; според Cramer, 2006). Адолесцентите кои се класифицирани како сигурно поврзани се повеќе ефективни комуникатори, користат поконструктивни техники за да се ублажи конфликтот и обично имаат повеќе позитивна размена со своите партнери, од оние тинејџери кои не се сигурно поврзани (Carnelley, Pietromonaco & Jaffe, 1994; според Pietromonaco & Feldman, 2000).

Спротивно на тоа, адолесцентите, кои пристапуваат со поголема вознемиреност во врската, со страв од отфрлање и напуштање ги гледале нивните односи понегативно и се однесувале со повеќе непријателство. Овие перцепции и однесувања се поврзани со ниски нивоа на односи задоволство, емоционална интимност и посветеност.

Претходните истражувања на тема односот на задоволство во врска се фокусираат на различни компоненти кои се покажале како значајни показатели на односот на задоволство.

Во ова истражување не се покажа значајна поврзаност на социо-емоционалното врзување со задоволството од врска. Причините за тоа може да бидат многубројни. Претходните истражувања на тема односот на задоволство во врска се фокусираат на различни компоненти кои се покажале како значајни показатели на односот на задоволство. Мнозинството од нив кои влијаат на овој однос се од просоцијална основа, која помага во промоцијата на релационите фактори на блискост, доверба, и допаѓање во врската.

Една од можните причини зошто во овој труд не се покажа поврзаност помеѓу социо-емоционалното врзување и задоволството од врска може да биде и фактот дека социо-емоционалното врзување е еден од поважните фактори кај формирањето на личноста на детето, меѓутоа не може да претставува изолиран фактор кои не подложи на надворешни влијание низ текот на времето, па така еден сигурно врзан поединец можеби низ текот на времето ќе биде подложен на низа надворешни влијанија кој ќе ги сменат неговите преференции кон самата романтична врска, како и кон условите кои треба да бидат задоволени за истиот тој сигурно врзан поединец да се чувствува задоволен во романтичната врска. Самиот фактор на сигурно социо-емоционално врзување можеби и самиот по себе не е доволен за на долготрајни стази да има значајно влијание во задоволството од романтичната врска.

Освен поврзаноста на социо-емоционалното врзување со задоволството од врска, се испитуваше и интеракцискиот ефект на полот и социо-емоционалното врзување врз задоволството од врската.

При анализата на оваа субхипотеза, се направи споредба на задоволството од врска помеѓу сигурно и несигурно социо-емоционално врзаните адолесценти и адолесцентки во зависност од нивниот пол, *при што се покажа дека не постои статистички значајна*

*разлика во задоволството од врската кај сигурно и несигурно врзаните испитаници, без оглед на кој пол му припаѓаат [F(1,198)= 2,757; p=0,098; p>0,05].* Со овој наод ***се отфрла оваа суб -хипотеза.***

Во таа насока може да се заклучи дека сигурно социо-емоционално врзаните адолесцентки не се позадоволни од романтичната врска од сигурно социо-емоционално врзаните адолесценти, додека несигурно социо-емоционално врзаните адолесцентки се еднакво задоволни од романтичната врска како и несигурно социо-емоционално врзаните адолесценти,

Во главната хипотеза од ова истражување се покажа дека конкретно за овој примерок и испитаниците кои учествуваа во истиот не се пронајдени разлики помеѓу адолесцентите и адолесцентките во поглед на задоволството во врска. Понатаму, не беа пронајдени разлики ни помеѓу социоемоционалното врзување и задоволството од врската. Следствено на тоа, разлики не се покажаа ниту на интеракциско ниво социоемоционално врзување, пол и задоволство од романтична врска. Еманципацијата и западното влијание во поглед на изедначеноста на половите на младите интелектуалци сепак може да биде една од главните причини за тоа дека тие не се разликуваат во верувањата, ставовите и очекувањата кои ги имаат од една романтична врска, без разлика на полот на кој му припаѓаат.

## 6.3. Дискусија на резултатите за поврзаност на емпатијата, полот и задоволството од врска

Како трета од базичните претпоставки, во ова истражување се испитуваше и тврдењето дека емпатијата како варијабла во значајна мера ќе биде поврзана со задоволството од врската, односно дека поемпатичните адолесценти и адолесцентки се позадоволни од романтичната врска од помалку емпатичните адолесценти и адолесцентки. Постојат голем број на наоди кои укажуваат на тоа дека степенот на успешност во интерперсоналните односи, односно степенот на интерперсонална реактивност во голема мера ги определуваат односите со другите лица, а особено влијаат на успешноста, а преку тоа и на задоволството од емотивните врски.

За емпатијата во ова истражување се заклучуваше од нејзините 4 димензии: емпатиска фантазија, заземање на туѓо гледиште, емпатиска грижа и лична вознемиреност.

**а)** Во однос на **емпатиската фантазија**, се направи споредба помеѓу адолесцентките и адолесцентите со повисоко и пониско ниво на емпатиска фантазија, при што се покажа дека нема статистички значајна разлика во задоволството од врската помеѓу испитаните со повисока и пониска емпатиска фантазија [F(1,198)=3,449, p=0,065; p>0,05],

Во таа насока може да се заклучи дека *адолесцентките и адолесцентите со повисоко ниво на емпатиска фантазија не се позадоволни од романтичната врска од адолесцентките и адолесцентите со пониско ниво на емпатиска фантазија*

Освен поврзаноста на емпатиската фантазија со задоволството од врска, се испитуваше и интеракцискиот ефект на полот и емпатиската фантазија врз задоволството од врската. При тоа се покажа дека овој интеракциски ефект не е доволно силен за да биде статистички значаен. Од овој наод може да се заклучи дека *нема разлика во задоволството од врската помеѓу адолесцентите со повисока и адолесцентите со пониска емпатиска фантазија, без оглед на кој пол му припаѓаат* [F(1,198)=9,041; p=0,0,003; p<0,01].

**б)** Во однос на **заземањето на туѓо гледиште**, се направи споредба помеѓу адолесцентките и адолесцентите со повисоко и пониско ниво на заземањето на туѓо гледиште, при што се покажа дека нема статистички значајна разлика помеѓу овие две групи на испитаници [F(1,198)= 0,244; p=0,622; p>0,05].

Во таа насока може да се заклучи дека *адолесцентките и адолесцентите со повисоко ниво на заземањето на туѓо гледиште не се позадоволни од романтичната врска од адолесцентките и адолесцентите со пониско ниво на заземањето на туѓо гледиште.*

Освен поврзаноста на заземањето на туѓо гледиште со задоволството од врска, се испитуваше и интеракцискиот ефект на полот и заземањето на туѓо гледиште и врз задоволството од врската. При тоа се покажа дека овој интеракциски ефект не е доволно силен за да биде статистички значаен, односно дека *нема разлика во задоволството од врската помеѓу адолесцентите со повисоко ниво на заземање туѓо гледиште и*

*адолесцентите со пониско ниво на заземање туѓо гледиште , без оглед на кој пол му припаѓаат*, [F(1,198)= 1,256; p=0,264; p>0,05].

*в)* Кај димензијата **емпатиската грижа**, се направи споредба помеѓу адолесцентките и адолесцентите со повисоко и пониско ниво на емпатиската грижа, при што се покажа постои статистички значајна разлика во задоволството од врската помеѓу овие две групи на испитаници [F(1,198)= 4,474; p=0,036; p<0,05].

Во таа насока може да се заклучи дека *адолесцентките и адолесцентите со повисоко ниво на емпатиската грижа се позадоволни од романтичната врска од адолесцентките и адолесцентите со пониско ниво на емпатиската грижа.*

Освен поврзаноста на емпатиската грижа со задоволството од врска, се испитуваше и интеракцискиот ефект на полот и емпатиската грижа врз задоволството од врската. При тоа се покажа дека овој интеракциски ефект е доволно силен за да биде статистички значаен, односно дека *адолесцентките со повисоко ниво на емпатиска грижа се позадоволни од романтичната врска од адолесцентите со повисоко ниво на емпатиска грижа, додека адолесцентките со пониско ниво на емпатиска грижа се еднакво задоволни од романтичната врска како и адолесцентите со пониско ниво на емпатиска грижа,* [F(1,198)= 6,778; p=0,010; p<0,01].

*г)* Во однос на **личната вознемиреност**, се направи споредба помеѓу адолесцентките и адолесцентите со повисоко и пониско ниво на лична вознемиреност, при што се покажа нема статистички значајна разлика во задоволството од врската помеѓу овие две групи на испитаници [F(1,198)= 0,735; p=0,392; p>0,05]. Во таа насока може да се заклучи дека *адолесцентките и адолесцентите со повисоко ниво на лична вознемиреност не се позадоволни од романтичната врска од адолесцентките и адолесцентите со пониско ниво на лична вознемиреност.*

Од сето горе наведено може да се заклучи дека хипотезата според која поемпатичните адолесценти и адолесцентки се позадоволни од романтичната врска од помалку емпатичните адолесценти и адолесцентки, само делумно се потврдува. Хипотезата се потврдува само во однос на димензијата емпатиска грижа, додека се отфрла за димензиите емпатиска фантазија, заземање туѓо гледиште и лична вознемиреиот.

Истовремено, субхипотезата дека поемпатичните адолесцентки се позадоволни од романтичната врска од поемпатичните адолесценти, додека помалку емпатичните адолесцентки се еднакво задоволни од романтичната врска како и помалку емпатичните адолесценти, повторно само делумно се потврдува. При тестирање на оваа суб-хипотеза, се увиде истата ситуација како и во главната хипотеза. Како статистички значаен се покажа само интеракцискиот ефект на димензијата емпатиска грижа и полот, додека не постоеше статистички значен интеракциски ефект на емпатиска фантазија, заземање туѓо гледиште, лична вознемиреност и полот врз задоволството од врската.

Слично како и во ова истражување, во една студија (Graham & Ickes, 1997) која ја мерела важноста на емпатијата во романтичните врски биле искористени податоците собрани од 101 адолесцент од средна адолесценција и 105 доцните адолесценти од доцна адолесценција. Тие ги користеле кодираните податоци собрани од снимени разговори со која паровите разговараат за прашањето на несогласување во нивниот однос, како и податоците собрани од анкета. Иако способноста на поединеците правилно да ги заклучат мислите и чувствата на нивниот партнер бил многу сличен и кај мажите и жените, тие откриле дека, генерално, жените биле малку повеќе емпатично точни од нивните машки партнери. Односот на должината на врската бил поврзан со точноста на чувствителноста. Со контрола на возраста, тие откриле дека задоволството од врска било значително поврзано со емпатичната соодветност за мажите и за жените. Сепак, во следните три студии со користење на истата емпатиска парадигма, родовата разлика е пронајдена, каде жените покажуваат значително повеќе емпатиска соодветност отколку мажите.

Идејата дека верувањата на жените за своите емпатични способности може да ги мотивира да бидат повеќе емпатични е во согласност со наодите на Ејсенберг и Ленон (Eisenberg & Lennon, 1983 според Graham & Ickes, 1997) во однос на емпатијата. Тие откриле дека извештајот од интервјуто за емпатија генерално применет на женски примерок, индицира дека жените имаат тенденција да се гледаат себеси како повеќе емпатични. Меѓутоа, кога емпатијата е измерена во повеќе објективни начини не потпирајќи се на авто-извештаи, разлики во полот генерално не биле пронајдени. На површината на овие резултати се чини дека им противречат на наодите на Грахам и Икис (Graham & Ickes, 1997) дека жените понекогаш се повеќе емпатични дури и со користење на објективна мерка на емпатична точност. Сепак, фундаменталните аспекти на традиционалната женска родова улога би можела да влијае на емпатијата преку мотивациски пат. Ејсенберг и Ленон (Eisenberg & Lennon, 1983 според Graham&Ickes,

1997) откриле дека жените пријавиле дека реагираат повеќе емпатично од мажите во различни ситуации, што укажува дека жените ги гледаат емпатиските вештини како повеќе важни за нивната самодоверба (Giligan, 1982 според Zahn-Waxler, Cole & Chaplin, 2005; Zahn-Waxler, Cole & Barret; 1991според Zahn-Waxler, Cole & Chaplin, 2005). Ако жената е свесна дека задачата е оценување на нејзината емпатична способност, тоа може да биде многу важно за нејзиното себевреднување. Оттаму, може и да се прикаже поуспешна по завршување на истото објективно мерење на емпатија, бидејќи кај неа се наоѓа зголемено ниво на мотивација.

Најчесто одржано верување е дека женските се повеќе интерперсонално чувствителни од машките. Некои научници имаат предлози дека емпатијата, дефинирана како способност да се споделат и се разберат емоциите и чувствата на другите во однос на себе, поседува критична когнитивната разлика меѓу жените и мажите.

## 6.4. Дискусија на резултатите за поврзаност на стилот на справување со конфликт во врска, полот и задоволството од врска

Последната претпоставка која се истражуваше и тестираше во ова истражување е дека стилот на справување со конфликт во врска е во значајна мера поврзан со задоволството од врската кај испитаниците.

Со анализа на овие наоди се покажа дека стилот на справување со конфликти во врска е значаен корелат на задоволството од истата, но дека нема такво влијание кога се разгледува во интеракција со полот на испитаниците.

Исходите од процесите на решавање на конфликтите од релевантните истражувања во поглед на резултатите покажале разлики кај мажите и кај жените, меѓутоа повеќе на ниво на начинот на кои што испитаниците од различен пол ги доживувале самите конфликти отколку во начинот на негово справување,а со тоа и самата успешност или неуспешност. Конфликтите кај жените биле повеќе врамени индивидуално, па тие добиле

повеќе поединечни одговори на нивните спорови. Се покажува дека жените различно ги доживувале конфликтите на работното место, и на нивните спорови се постапува поинаку од мажите и резултатите се различни за двете групи.

Гледано во институциите на справување со конфликтите, Терел, Нортхруп и Сегал (Terrell, Northrup & Segall 1982; Stackert & Bursik, 2003) ги споредиле машките и женските искуства во процесот на посредување. Нивната студија анализирајќи ги разликите кај жените и мажите покажале разлики во чувството на ранливост и оспособување. Истражувачите претпоставуваат дека жените се чувствуваат ранливи во ден за ден односи, особено во однос на мажите. На жените ова чувство на ранливост ќе биде особено истакнато во конфликтни ситуации бидејќи постои потенцијал за агресија и насилство.

Истражувачите откриле дека жените почесто изјавиле дека се чувствуваат исплашени или ранливи отколку мажите. Жените се со значително поголема веројатност да се чувствуваат ранливи во конфликти со мажите отколку кај конфликти со други жени. Жените се со поголема веројатност да зборуваат за своите стравови од конфликтот и дека се жртва на агресија или насилство. Жените изјавиле дека загриженоста во врска со децата, идентитетот и статусот придонесуваат за нивната ранливост во конфликти. Спротивно на она што истражувачите го очекувале, жените во студијата се користат со значително повеќе стратегии и повеќе видови на стратегии за решавање на конфликтите отколку мажите. Исто така, неочекувано, жените не покажале поголема загриженост отколку мажите во одржување на позитивни односи со другата страна. Иако жените се чувствувале повеќе ранливи, нивната ранливост се чини дека не се меша со нивната способност да активно се справат со нивните конфликти.

Во поглед на резултатите до кои е дојдено во ова истражување, а тоа е дека адолесцентите и адолесцентките кои имаат поуспешен стил на справување со конфлитки се и позадоволни од романтичната врска можното објаснување е дека во човековата природа е тенденцијата кон воспоставување на хармонија и баланс во секојдневниот живот, па така и на генерално ниво постои и тенденција кон повисоки и попродуктивни нивоа на успешност при справување со конфликтот без разлика на полот. Со успешност во решавање на конфликтите, се доведуваат до ситуација на поголемо романтично задоволство, а со тоа и поголемо животно задоволство. Од друга страна пак, адолесцентите кои се растени под ова поднебје и од машкиот и од женскиот пол се

воспитувани да ги одбегнуваат конфликтите додека можат, а доколку се појават тие би ги решавале последователно. Со оглед на сите овие потенцијални причини, може да се надоврзе и можноста дека испитаниците давале и социјално пожелни одговори, чувствувајќи се недоволно сигурни и едуцирани да зборуваат за нивниот начин на справување со конфликт во врска заради недостапноста на искуство коешто дотогаш го имале или немале ( сепак станува збор за млади испитаници на возраст од 19-21 година) како и заради недоволно стекнати стратегии поврзани со процесот на решавање на конфликти.

## 7. Заклучок

По спроведувањето на истражувањето, може да се донесат следниве заклучоци:

7.2.1.1 Не постои поврзаност помеѓу полот на испитаниците и нивното задоволство од врската, односно адолесцентите и адолесцентките во подеднаква мера се задоволни од романтичната врска.

7.2.1.2 Не постои поврзаност помеѓу видот на социо-емоционално врзување и задоволство од врската кај испитаниците, односно и испитаниците со сигурно и испитаниците со несигурно социо-емоционално врзување е во подеднаква мера задоволни од романтичната врска.

а) Не постои значен интеракциски ефект на социо-емоционалното врзување и полот со поврзаноста со задоволството од романтична врска. Имено и испитаниците со сигурно и испитаниците со несигурно социо-емоционално врзување, се во подеднаква мера задоволни од романтичната врска без оглед на тоа на кој пол му припаѓале.

7.2.1.3 Во најголема мера не постои поврзаност помеѓу степенот на емпатија на испитаниците и задоволството од врската, односно и поемпатичните и помалку емпатичните испитаници се во подеднаква мера задоволни од романтичната врска. Овој наод не се потврдува само за димензијата емпатиска грижа, каде се покажа дека испитаниците со повисок степен емпатиска грижа се позадоволни од романтичната врска од оние со помал степен на емпатиска грижа.

а) Во најголема мера не постои значен интеракциски ефект на емпатијата и полот со поврзаноста со задоволството од романтична врска. Имено и поемпатичните и помалку емпатичните испитаници се во подеднаква мера задоволни од романтичната врска, без оглед на тоа на кој пол му припаѓале. Овој наод не се потврдува само за димензијата емпатиска грижа, каде се покажа дека адолесцентките со повисоко ниво на емпатиска грижа се позадоволни од романтичната врска од адолесцентите со повисоко ниво на емпатиска грижа, додека адолесцентките со пониско ниво на емпатиска грижа се еднакво задоволни од романтичната врска како и адолесцентите со пониско ниво на емпатиска грижа.

7.2.1.4 Постои значајна поврзаност помеѓу стилот на справување со конфликти во врска и задоволствово од врската кај испитаниците, односно и испитаниците со успешен стил на справување со конфликти во врска се позадоволни од истата од оние со помалку успешен стил на справување со конфликти во врска.

а) Оваа поврзаност ја снемува кога се става во интеракција стилот на справување со конфликти во врска со полот и на тој начин се разгледува поврзаноста со задоволството од врска. Имено ова значи дека лицата со успешен и помалку успешен стил на справување со конфликти во врска, разгледувани во однос на нивниот пол се подеднакво задоволни од врската.

Едно од основните ограничувања и недостатоци на ова истражување, лежи во методолошката рамка на истражувањето, односно во формирањето на примерокот на испитаници. Освен тоа дека примерокот на истражувањето беше пригоден, истиот беше и дополнително селектиран, на тој начин што од секоја студентска група на испитаници која се испитуваше, на тестирање беа подложени само лицата кои ги исполнуваа основните критериуми на истражувањето: да се на возраст од 19 до 21 година и да се во врска најмалку 6 месеци. Заради ваквиот начин на формирање на примерокот, како и заради специфичноста на условите, можноста за генерализација на наодите на која било популација, особено на општата популација е навистина ограничена.

Најпрвин нерепрезентативноста не примерокот, односно изборот на испитаници од само 3 факултети доведува до многу прашања околу тоа како изборот и интересите во животот може да влијаат врз секоја од варијаблите кои се испитуваа во истражувањето.

Во однос на возрасната рамка и со оглед на развојните особености на оваа возрасна група на испитаници, кои се во адолесценција и каде се уште во најголема мера не постојат цврсти и востановени обрасци на функционирање во врската, се наметнува уште едно ограничување за можноста за генерализација на надоите. Можеби наодите би биле сосема различно дистрибуирани кај други возрасни групи на испитаници, што би било корисно да се спроведе со некое идно истражување и потоа да се направи компарација со наодите од ова истражување.

Од тесната возрасна рамка произлегува уште едно ограничување, а тоа е самата природа на тестовите кои се применети. Сите, а особено тестовите за конфликтен стил и задоволство од врската се наменети и најчесто се употребуваат на возрасна популација, за која постои основа дека можеби има различни обрасци на функционирањето, при справување со конфликти, како и на проценката на квалитетот и задоволството од романтичната врска од адолесцентите. Заради тоа, можеби не е сосема оправдано да задоволството од врската и конфликтен стил се проценуваат токму преку овие тестови кај оваа возрасна група.

Критериумот за избор на испитаници кои се во врска најмалку 6 месеци беше донесен произволно од страна на авторката (базирано на теоретски знаења), и претставува помалку дискутабилен критериум за избор на испитаници. Исто така, во многу наврати се покажало дека должината на романтичната врска не е битен и сигурен предиктор на степенот на развој до кој стигнала истата. Заради ова, можеби во понатамошни истражувања би било корисно да се земе предвид овој недостаток и да се креираат методолошки рамки кои ќе земаат предвид испитаници со различна должина на врската.

Во однос на големиот број на тестови од различна природа кои се користат во ова истражување, придобивката е во тоа што може да се добие основен, првичен увид за теми кои досега се ретко истражувани, особено во нашата земја. Од друга страна, користењето на голем број тестови, доведува до мала дивергенција на резултатите и ја намалува можноста за конзистентни и јасни наоди. Остава отворени многу прашања, многу дополнителни можности за постоење на медијатор варијабли, кои воопшто не биле земени предвид во ова истражување.

Целта на ова истражување пред се е да даде теоретски придонес во областа на психолошката наука, односно социо-емоционалното врзување, емпатијата, начинот на

справување со конфликти во врска и задоволството од романтичните врски кај адолесцентите во Р.Македонија.

За разлика од социемоционалното врзување и останатите фактори кои влијаат на задоволството од романтичните врски, самото задоволство од романтични врски и не е толку истражувано колку што е потребно. Фактот дека задоволството и самите романтични врски се од особено важност во нашето секојдневние, а со тоа и добросостојбата која произлегува од истата, особено кај адолесцентната популација која во периодот на транзиција почнува да осознава благодети од задоволната и исполнета романтична врска од една страна, како и негативните последици на т.н 'бурна врска' од друга страна. Токму заради тоа практичните импликации од овие наоди може да имаат поширок досег. Имено, во тек на изготвување на истражувањето и консултирање на стручна литература, се дојде до заклучок дека ова е прилично пиенерско истражување во оваа област во Македонија. Наодите се можеби недоволно специфични за да се даде препорака за превземање на конкретни акции и воспоставување на програми, или за терапевтски примени, но претставуваат навистина плодна основа за понатамошни разгледувања на оваа тема.

Резултатите кои што се добиени секако укажуваат на насоката во која би се развивале понатамошни проширени истражувања на истата тематика кои би имале влијание врз поставување на поцврсти темели кон тоа од што зависи задоволството во романтичните врски и како е тоа поврзано и со останатите фактори кои би имале влијание на истото.

Наодите во ова истражување укажуваат на тоа дека не постои разлика помеѓу машките и женските адолесценти во поглед на задоволство од врска, во поглед на развиеноста на емпатијата, во поглед на социоемоционалното врзување, така што можат да бидат искористени за да поттикнат уште поголема надградба во истражувањата од областа на изедначеноста на половите. Статистичката значајност која се покажа во поврзаноста на стиловите на справување со конфликт и задоволството од врска, може да се искористи во многу понатамошни импликации кои се поврзуваат со генералното задоволство од животот и стиловите на справување со конфликт, односно би се одело чекор понатаму, како стилот ќе влијае на општата среќа и задоволство на секоја индивидуа посебно.

Овие наоди со понатамошна доработка можеби и би имале примена во областа на индивидуалнта психотерапија, како и онаа на парови, како предиктор на одредени проблеми од аспект на незадоволство во една романтична врска, како и стеснување на обрачот од можните причини за истите, со што ќе дојде до побрзо решавање на

проблемите и враќање на оптималност и хармонија во секојдневието на индивидуата или парот.

## 8. Резиме

Основната цел на ова истражување е да се испита како полот, квалитетот на социо-емоционалното врзување, степенот на емпатија кој го поседува одредено лице стилот на

справување со конфликти во врска (проценет како успешен или неуспешен) се поврзани со задоволството од романтичната врска кај испитаниците.

Истражувањето се спроведе на 200 испитаници, од кои 109 се женски и 91 машки на возраст од 19 до 21 година, при тоа сите студенти во втора година на Институтите за психологија, социологија и одбрана и заштита при Филозофскиот факултет во Скопје. На испитаниците им беа зададени 4 прашалници: Прашалник за проценка на квалитетот на социо-емоционалното врзување, Прашалник за проценка на индексот за проценка на интерперсоналната реактивност (Interpersonal Reactivity Index-IRI), Скала за проценка на стилот за справување со конфликт во врска (Romantic Conflict Style Scale) и Скала за проценка на задоволство од врска (The Relationship Assessment Scale-RAS).

Резултатите покажаа дека не постојат разлики во задоволството од врската помеѓу машките и женските испитаници, односно помеѓу адолесцентите и адолесцентките. Исто така се покажа дека не постои разлика во задоволството од романтичната врска кај испитаниците со различен квалитет на социо-емоционланото врзувње (сигурно или несигурно врзани), и дека интеракцискиот ефект на социо-емоционалното врзување и полот не е значајно поврзан на задоволството од врската. За поврзаноста на варијаблата емпатија со задоволството од врската се заклучуваше преку нејзините 4 димензии: емпатиска фантазија, заземање туѓо гледиште и емпатиска грижа. При тоа се покажа дека единствено димензијата емпатиска грижа е значајно поврзана со задоволството од врската. Интеракцискиот ефект на димензиите на емпатијата и полот врз задоволството од врската се покажа како значаен, повторно само за димензијата емпатиска грижа. Во однос на стилот на справување со конфликти во врска, се покажа дека оние кои имале поуспешен стил на справување со конфликт во врска биле позадоволни од врската. За разлика од тоа, интеракцискиот ефект на стилот на справување со конфликти во врска и полот врз задоволство од врската не е значаен.

## 9. Користена литература


- Ainsworth, M. D. S.; Blehar; M. C.; Waters; E&Wall; S. (1978).*Patterns of attachment:Assessedin the strange situation and at home.* Hillsdale, NJ: Lawrence Erlbaum.

- Bartholomew, K. (1990). Avoidance of intimacy: An attachment perspective. *Journal of Social and Personal Relationships, 7*, 147-178.
- Bartholomew, K&Horowitz, L. M. (1991). Attachment styles among young adults: A test of a four-category model. *Journal of Personality and Social Psychology, 61*,226-244.
- Bowlby, J. (1969), Attachment and loss, Vol. 1: Attachment. New York: Basic Books.
- Bowlby, J. (1973).*Attachment and loss: Vol. 2.Separation: Anxiety and anger.* New York:BasicBooks.
- Bowlby, J. (1979). *The making and breaking of affectional bonds*. London: Routledge.
- Bowlby, J. (1980). *Attachment and loss: Vol. 3. Loss.* New York: Basic Books.
- Brennan, K.A. ; Clark; C.L& Shaver, P.R.(1998). Self - report measurement of adult romantic attachment: An integrative overview. In J.A Simpson & W.S Rholes (Eds), *Attachment theory and close relationships* (pp 46-76). New York: Guilford Press
- Corcoran, K & Fischer, J. (1994). *Measures for clinical practice A Sourcebook 3rd Ed. Vol. 2 Adults*. New York: The Free Press
- Collins, N.L.; & Read, S.J. (1990). Adult attachment, working models, and relationship quality in dating couples. *Journal of Personality and Social Psychology, 58*,644-663.
- Cramer, D. (2006). How a supportive partner may increase relationship satisfaction. *British Journal of Guidanc & Counselling, 34*, 117-131.
- Creasey, G.; Hesson-McInnis, M. S.;Craft, A.; Kurz, S.; Curran, M.; & Otter-Henderson, K. (2000). Afective Responses, Cognitive Appraisals, and Conict Tactics in Late Adolescent Romantic Relationships. Paper presented at the annual Conference on Human Development, Memphis, TN.

- *Cicognani.E.,Zani.B.&Albanesi.C., (2010).Sense of community in adolescence Department of Sciences of Education "G.M.Bertin". University of Bologna*

- Doohan, E. M. & V. Manusov. "The communication of compliment inromantic relationship: an investigation of relational satisfaction and sex differences and similarities in compliment behavior." *Western Journal of Communication*, 68.2 (2004): 170-194
- Erik H. Erikson. (1968). *Identity, youth and crisis*. New York: W. W. Norton Company,
- Feiring, C. (1996). Concepts of romance in 15-year-old adolescents. *Journal of Research on Adolescence*, 6, 181-200
- Frank, D. Fincham (1999) *Marital conflict: Correlates, structure and context, Psychology, Department, University at Buffalo, Buffalo, New York.*

- Furham, W., &Wehner, E.A. (1997). Adolescent romantic relationships: A developmental perspective. New directions for child development: No 78. Romantic relationships in adolescence: Developmental perspectives, 21-36. San Francisco, CA: Jossey- Bass
- Gottman, J. M. (1994a). *What predicts divorce: The relationship between marital process and marital outcomes*. Hillsdale, NJ: Lawrence Erlbaum.
- Gottman, J.M.(1994b).*Why Marriages Succeed or Fail.* New York: Simon and Schuster.
- Gottman, J.M. (1998). Psychology and the study of marital processes. *Annual Review of Psychology, 49*, 169-197.
- Haugen,P, .Welsh,P.& McNulty,J.(2008) Emphatic Accuracy and Adolescent Romantic Relationships. Journal of Adolescence. December, 2008; 31(6): 709–727. 10.1016/j.adolescence.2008.03.003
- Graham T, Ickes W.(1997) When women's intuition isn't greater than men's. In: Ickes W, editor.Empathic accuracy. New York: Guilford Press; pp. 117–143.
- Hendrick, S.S. Dicke, A., & Hendrick, C. (1998). The relationship assessment scale. *Journal of Social and Personal Relationships, 15*, 137-142.

  Hoffman, L, M. (2000). *Empathy and moral development.* Cambridge University Press. New York.
- Holman, T.B., & Jarvis, M.O. (2003). Hostile, volatile, avoiding, and validating coupleconflict types: An investigation of Gottman's couple-conflict types. *PersonalRelationships, 10,* 267-282.
- Ickes, W., & Simpson, J. A.( 2003). Motivational aspects of empathic accuracy. In G.J.O. Fletcher & M. Clark (Eds.),Blackwel handbook in social psychology: *Interpersonal processes.* Malden, MA:
- Karantzas, G. C., Feeney, J. A., Goncalves, C., & McCabe, M. P. (2010). *Towards an integrative model of relationship functioning*. Manuscript submitted for publication..
- Karniol, R., Gabay, R., Ochion, Y. & Harari, Y.(1998).Is Gender or Gender-Role Orientation a Better Predictor of Empathy in Adolescence?. Sex Roles, Volume 39, Numbers 1-2, 1 July 1998 , pp. 45-59(15)
- Kelley, H. Harold & John,W. Thinbaut (1959). *The social psychology of groups.*
- Kobak, R.R., Cole, H.E., Ferenz-Gillies, R., Fleming, W.S., & Gamble, W. (1993). Attachment and emotion regulation during mother-teen problem solving: Acontrol theory analysis. *Child Development, 64*, 231-245.

- Latty-Mann, H., & Davis, K.E. (1996). Attachment theory and partner choice: Preference and actuality. *Journal of Social and Personal Relationships, 13*, 5-23.

- Mikulincer & Shaver. (2010). *Attachment in Adulthood: Structure, Dynamics, and Change.* Guilford Press

- Meschke, L. L., Zweig, J.M., Barber, B.L., & Eccles, J.S. (2000). Demographic, biological, psychological, and social predictors of the timing of first intercourse. *Journal of Research on Adolescence 10*(3), 315-338.

- Pietromonaco, P. R., & Feldman Barrett, L. (2000). Internal working models: What do we really know about the self in relation to others? Review of General Psychology, 4, 155-175.
- Simpson, J.A. (1990). Influence of Attachment Styles on Romantic Relationships.*Journal of Personality and Social Psychology, 59,* 971-980.
- www.relationships.org.au
- Shapiro, A.F., & Gottman, J.M. (2004). The Specific Affect Coding System. In P.K.Kerig, & D. H. Baucom (Eds.), *Couple Observational Coding Systems*. Mahwah,NJ: Lawrence Erlbaum.
- Shi, L. (2003). The association between adult attachment styles and conflict resolution inromantic relationships. *American Journal of Family Therapy, 31*, 143-158.
- Stackert, R.A., & Bursik, K. (2003). Why am I unsatisfied? Adult attachment style,gendered irrational relationship beliefs, and young adult romantic relationshipsatisfaction. *Personality and Individual Differences, 34*, 1419-1429.
- Stefanović-Stanojević,T. (2006). Partnerska afektivna vezanost I vaspitni stilovi. *Godišnjak za psihologiju*, vol 4, No 4-5., 2006, pp. 71-90, Filozofski Fakultet, Nis. Подигнато на 19 Ноември 2013 од http://www.psihologijanis.org/godisnjak2005-6.pdf
- Stotland, E. (1969). Exploratory investigations of empathy. In L. Berkowitz(Ed.), *Advances in experimental social psychology*. Vol. 4. New York: Academic Press
- Tracy, J.L., Shaver, P.R., Albino, A.W., & Cooper, M.L. (2003). Attachment styles and adolescent sexuality. In P. Florsheim (Ed.), *Adolescent romance and sexualbehavior: Theory, research, and practical implications (137-159)*. Mahway, NJ:Lawrence Erlbaum.
- Todorovic, J. (2005). *Vaspitini stilovi roditelja I samopostovanje adolescenta.* Nis, Prosveta.
- Zahn-Waxler.C., Cole.P.,& Chaplin.T.,.(2005). Parental Socialization of Emotion Expression: Gender Differences and Relations to Child Adjustment. *Emotion* 2005, Vol. 5, No. 1, 80 – 88

# ПРИЛОЗИ

## Прилог 1: Прашалник за проценка на квалитетот на социо-емоционалното врзување

Следните тврдења се однесуваат на вашите односи со семејството при што не интересира како се чувствувате во односите со членовите на вашето семејство. Ве молиме да внимателно го прочитате секое тврдење и одговорите во која мера се согласувате со истото.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Воопшто не се согласувам** | | | **Не сум сигурен** | | **Се сложувам потполно** | |

1. Се обидувам да избегнам преголемо зближување со семејството. 1 2 3 4 5 6 7

2. Станувам незадоволен кога моето семејство не е тука кога ми треба. 1 2 3 4 5 6 7

3. Не се чувствувам пријатно кога се отворам пред моето семејство. 1 2 3 4 5 6 7

4. Се плашам дека на членовите на моето семејство не сум им важен толку колку тие на мене. 1 2 3 4 5 6 7

5.Се чувствувам пријатно кога ги делам моитемисли и чувства со моето семејство. 1 2 3 4 5 6 7

6. Кога немам присутен член од моето семејствосе чуствувам осамено и неважно 1 2 3 4 5 6 7

7. Буквално се делам со моето семејство 1 2 3 4 5 6 7

8.Многу се грижам дека може да ја изгубам наклонетоста од моето семејство 1 2 3 4 5 6 7

9. Непријатно ми е кога некој од членовите премногу ќе ми се доближи 1 2 3 4 5 6 7

10. Ако семејството не ми посветува внимание станувам лут и вознемирен 1 2 3 4 5 6 7

11. Му се обраќам на семејството од повеќе причини, меѓу кои и кога ми треба утеха и смирување 1 2 3 4 5 6 7

12.Мојата желба за близина некогаш ги брка членовите на семејството од мене. 1 2 3 4 5 6

13. Не ги покажувам моите чувства пред семејството 1 2 3 4 5 6 7

14. Му замерувам на моето семејство кога поминува време далеку од мене. 1 2 3 4 5 6 7

15. Се чувствувам непријатно кога сум во близина на членовите на моето семејство 1 2 3 4 5 6 7

16. Се грижам дека ќе останам сам/а 1 2 3 4 5 6 7

17. Во моментите кога гледам дека моето семејство сака да се зближи со мене, приметувам како се повлекувам 1 2 3 4 5 6 7

18. Понекогаш чувствувам како ги присилувам членовите на моето семејство да покажуваат љубов и внимание кон мене 1 2 3 4 5 6 7

## Прилог 2: Индекс на интерперсоналната реактивност (Interpersonal Reactivity Index – IRI)

**УПАТСТВО:** Подолу се наведени одреден број искази за различни чувства, постапки и ставови кои може да се однесуваат, а може и да не се однесуваат на Вас. Прочитајте го внимателно секој исказ и ставајќи го знакот "X" во соодветното поле означете **колку точно исказот Вас лично Ве опишува.**

| | сосема ме опишува | многу ме опишува | делумно ме опишува | малку ме опишува | воопшто не ме опишува |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Често мислам и фантазирам за работи што допрва треба да ми се случат. | | | | | |
| 2. Често ме обзема жал и загриженост за луѓето кои во животот поминале полошо од мене. | | | | | |
| 3. Понекогаш ми е тешко работите да ги согледам од туѓа гледна точка. | | | | | |
| 4. Не ми е секогаш многу жал за оние кои западнале во животни тешкотии. | | | | | |
| 5. Вистински се внесувам во чувствата на личностите од романите што ги читам. | | | | | |
| 6. Во кризни или опасни ситуации обично сум напнат/а, а понекогаш чувствувам и страв. | | | | | |
| 7. Кога гледам некој филм или театарска претстава обично сум непристрасен набљудувач и ретко ми се случува настаните да ме понесат и „вовлечат". | | | | | |
| 8. Пред да донесам конечен суд се трудам да ги разгледам гледиштата на сите кои не се согласуваат во некоја полемика или расправа. | | | | | |
| 9. Кога ќе забележам дека некого го искористуваат чувствувам потреба да го заштитам. | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10. Понекогаш, кога ќе допуштам да ме преплават емоции се чувствувам сосема беспомошно. | | | | | |
| 11. Понекогаш, кога сакам подобро да ги разберам своите пријатели се обидувам работите да си ги претставам онака како што тие ги гледаат. | | | | | |
| 12. Ретко се случува целосно да се внесам во некоја книга или филм, па дури и тогаш кога тие се навистина добри. | | | | | |
| 13. Кога ќе видам дека некој е повреден обично останувам и понатаму прибран/а и смирен/а. | | | | | |
| 14. Општо земено, не ме потресуваат премногу туѓите неволји. | | | | | |
| 15. Кога сум сигурен/на дека сум во право не трошам време слушајќи туѓи образложенија. | | | | | |
| 16. Кога гледам некој филм или театарска претстава обично во текот на гледањето имам впечаток дека и самиот/ата како да сум некој од прикажаните ликови. | | | | | |
| 17.Ме фаќа страв кога ќе се најдам во некоја емоционално напната ситуација. | | | | | |
| 18. Понекогаш не чувствувам некое големо сожалување кога ќе забележам дека кон некого нечесно постапуваат. | | | | | |
| 19. Во кризни и опасни ситуации обично сум прилично ефикасен/на. | | | | | |
| 20. Често се случува длабоко да ме трогне некој настан. | | | | | |
| 21. Верувам дека секоја ситуација има свое лице и опачина и обично се трудам и двете да ги согледам. | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 22. Мислам дека спаѓам во оние луѓе кои лесно се трогнуваат. | | | | | |
| 23. Кога гледам добар филм лесно можам да се соживеам со судбината на главниот јунак. | | | | | |
| 24. Обично претерано се вознемирувам кога ќе настапат кризни и опасни ситуации. | | | | | |
| 25. Кога некој ќе ме изнервира се обидувам барем за момент да се „ставам на негово место“. | | | | | |
| 26. Кога читам некоја интересна приказна или роман си замислувам како би се чувствувал/а јас ако мене ми се случува тоа што го читам. | | | | | |
| 27. Кога ќе видам дека во некоја опасна ситуација некому му е итно потребна помош обично се „вкочанувам“ и нозете ми се „пресекуваат“. | | | | | |
| 28. Пред да осудам некого најчесто се обидувам да си замислам како би се чувствувал/а јас да сум на негово место. | | | | | |

## Прилог 3: Скала за проценка на стилот на справување на конфликти во врска

Подолу се наоѓаат описи на тоа како луѓето се справуваат со конфликти на четири различни начини. Би сакале да знаеме кој тип најдобро го опишува начинот на кој вие и вашиот партнер ги решавате конфликтите во вашата врска.Одоговорете на секое прашање со тоа што ќе го напишете бројот во определеното место предводејќи се по следната скала:

1= Никогаш 2=Ретко 3= Понекогаш 4= Често 5= Многу често

1. ___ Во нашата врска, конфлиткиte може да избувнат на високо ниво но тоа е добро, бидејќи нашето смирување е на уште подобар начин.
2. ___ Мислиме дека е добро „да се согласиме дека не се согласуваме",отколку да се впуштиме во дискусија која не не води никаде.
3. ___ Во нашата врска, кога постои конфликт, си ставаме до знаење дека ги цениме и ги земаме во предвид емоциите на другиот, колку и да не се согласуваме со неговото мислење.
4. ___ Се расправаме често и многу. Употребуваме многу навреди, користење на имиња, пцовки и сарказам.
5. ___ Имаме вулкански расправии, но тие се само мал дел од топлата и љубовна врска.
6. ___Дури и кога дискутираме некоје тешка тема, покажуваме самоконтрола и остануваме смирени.
7. ___ Не се слушаме многу што кажува другиот, ниту пак се гледаме еден со друг.
9. ___ Иако се расправаме, сепак можеме да најдеме заедничко решение. Всушност, нашата страст и суштината во конфликтот не води кон подобра врска, со многу бакнежи, смеење и посветенот.
10. ___ Понекогаш уживам во добро аргументирање со мојот партнер.

11. ___ Во нашата врска, конфликтите се на минимално ниво. ,

12. ___ Кога се расправаме трошиме многу време во валидација во дискусијата, како и пронаоѓање на компромис.

13. ___ Едниот од нас двајцата може да биде прилично детачиран или емотивно неинволвиран, иако може да има кратки епизоди од напад или одбрана.

14. ___ Не размислуваме многу околу конфликтите кои ги имаме. Напротив, многу разговор околу несогласувањето може да ги влоши работите.

15. ___ Чувството на заедништво е централно во нашата врска.Т

16. ___ Ние мислиме дека ако се релаксираме и опуштиме околу нашите проблеми, тие ќе најдат начин да се решат самите по себе.

**17.**___ Очигледно постојат повеќе негативни, отколку позитивни страни во нашата врска.

## Прилог 4: Скала за проценка на задоволството од врската

1. Колку добро вашиот партнер им излегува во пресрет на вашите потреби?

   A B C D E

   Воопшто Просечно Многу добро

2. Генерално, колку сте задоволни во вашата врска?

   A B C D E

   Не сум задоволен/на Просечно Многу задоволен/на

3. Колку е добра вашата врска во споредба со другите?

   A B C D E

   Слабо Просечно Одлично

4. Колку често посакувате воопшто да не сте во сегашната врска ?

A B C D E

Никогаш Просечно Многу често

5. До кое ниво вашата врска ги задоволува вашите очекувања?

A B C D E

Воопшто Просечно Комплетно

6. Колку го сакате вашиот партнер?

A B C D E

Не многу Просечно Многу

7. Колку проблеми има во вашата врска?

A B C D E

Неколку Просечно Многу малку